## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Седмото продолжение на Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јануари 2008 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,36 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници продолжуваме со работа по Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Никола Рилкоски, Лазар Китаноски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Зоран Витанов, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Али Ахмети, Фазли Велиу, Зумрете Јакупи, Валентина Божиновска, Данаил Дончев, Горан Мисовски, Томе Даневски и Цветко Грозданов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Според дисплејот има реплики господинот Агим Рамадани, госпоѓа Владанка Авировиќ, госпоѓа Весна Бендевска, госпоѓа Славица Грковска, господата Игор Ивановски и Марјанчо Николов не се тука ќе ги прашам кога ќе им дојде редот дали се за реплики.

Реплика има господин Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине претседател, почитувани пратеници,

Сакам да и реплицирам на госпоѓица Славица Грковска да и реплицирам во делот на нејзината дискусија каде таа се обиде неправично да ја инволвира во својата дискусија ДПА. Рече дека блиските кругови од ДПА до криминалот и кога го кажа тој збор требаше истото да го аргументира со некој податок, но тоа не го направи, но сигурно беше убедлива во тоа дека сакаше да го спомне ДПА, дека ДПА нејзе и пречи затоа што ДПА е единствена партија која не е вклучена во криминогени трансакции во Република Македонија, трансакции кои се случуваа од 1991 година до денеска.

Денеска се обидуваме да го усвоиме овој закон за спречување на корупцијата и толерантноста кон корупцијата да биде сведена на нула. Жалам, таа е млада, се вклучува во шеми на оние постарите лица од нејзината партија, таа многу добро ги знае по име затоа што од 1991 година кога имавме ембарго кон Србија госпоѓице Славица да знаете дека имаше драконско прекршување на Законот од страна на лидерите од вашата партија, да не ги спомнувам сите по име, но некои морам да ги именувам почнувајќи од Претседателот на државата кој тогаш ви беше лидер, премиер, потоа Хари Костов, па Џанго. Правеа корупција со нафта, вооружување, инсценирање на разни немири, убиства, разни насилија, затворања. Ова е долга историја госпоѓице Славица, ќе ве молам кога ќе го спомнувате ДПА, доколку имате аргумент, да го кажете јавно, но бидејќи немате ви беше како оправдување во вашата дискусија која потегна многу дискусии во Парламентот и се чудам како толку млада сте многу контаминирани со отров или гнев кон раководната гарнитура која е денеска на власт. Знаејќи дека сте биле 3-4 пати на власт со разни коалициони партнери и заклучно во текот на времето кога вие бевте на власт заедно со вашиот партнер од коалицијата наметнавте насилие, наметнавте корупција и се што е негативно во оваа насока немате никакво морално право да го спомнете ДПА.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за госпоѓица Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Господине Рамадани, јас го разбирам вашиот револт заради тоа што вистината е болна.

Вие имате претседател кој е на црната листа на САД. Ниту еден политичар на СДСМ во историјата на Република Македонија не бил ставен на црната листа. Тоа е вашиот проблем. Ви пречи, тоа е ваше право. Причините зошто е тоа така вие многу добро ги знаете, јас немам време во една минута да ги елаборирам, меѓутоа, вашиот револт вие треба повеќе да го насочите кон вашите коалициони партнери, кон ВМРО-ДПМНЕ заради тоа што тие не ве третираат како политичка партија и сите клучни работи кои ги договараат воа Република Македонија помеѓу етничките заедници ги договараат со ДУИ и покрај тоа што е официјално во опозиција.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Владанка Авировиќ има реплика на излагањето на госпоѓица Грковска, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Мојата реплика ќе биде насочена кон дискусијата на почитуваната колешка во оваа смисла.

Сите укажувања кои ги направи беа во доменот на шпекулации, во доменот на претпоставки. Не е дозволено еден пратеник да се занимава со домен на претпоставки и шпекулации. Затоа многу е подобро своите редови да ги исчистите од претходните криминали, од претходните корупции, да застанете еднаш како партија да го анализирате тоа што и меѓународната заедница ви го кажа. Ќе ви кажам еден пример бидејќи вие многу малку во пракса сте работеле во доменот на спречување на корупцијата, во доменот на перење на пари, во доменот на ваков тип на криминал, а тоа е следното.

Спомнавте градба, спомнавте градежна мафија, спомнавте корупција, спомнавте станови. Ќе ви кажам еден пример од вашето владеење кое вие не сте го расчистиле, а сте должни да го

расчистите ако сакате да бидете аналитичари и ако сакате вашата партија да има кредибилитет во овој однос.

Во претходниот период имаше една фирма која се викаше ЗИМЕКС и КОНАРТИС. Тие како сопственици го имаа кумот Владо Димов - министер. Добија тендер - Градската болница. Градеа во Скопје. Градоначалникот Ристо Пенов наместо да платат пари за градба рече не, јас должам на ЈП “Паркови и зеленило”, наместо да платите ќе им дадете на нив деловен простор. Тој деловен простор ЈП со закон не може да го земе, а плус тоа уште еден стан. Е, тој стан го зема тогашниот актуелен претседател на Совет, но преку неговата жена за да не се сетат непријателите. Никој во Република Македонија таков стан не може да добие без пари, кога сака да си го отплаќа. И ден денес после период од 2-3 години ниту деловниот простор го има ЈП во сопственост, се води судски спор, апсолутно е непотребен, апсолутно е незаконски, несовесно од страна на тогашниот актуелен директор Сашко Насев кој потоа е испратен како амбасадор во Канада.

Она што и вашиот Претседател не актуелен, а нашиот Претседател на Република Македонија сега се залага за професионализација на Министерството за надворешни работи и професионални амбасадори го испраќа госпоѓо Грковска заради тоа што поврзаноста помеѓу министрите, парите, јавните претпријатија и да не разговарам вработувањата на високи функционери, ете тоа е корупција на суптилен начин која вие, за жал, не можете ниту да ја имате ниту да ја докажете. Не сте работеле еден ден за да имате кредибилитет.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓица Грковска има контра реплика една минута.

**Славица Грковска:** Ќе почнам од крајот, господинот Сашко Насев како амбасадор обезбеди признавање на уставното име на Република Македонија од страна на Канада, само што тоа вас нормално ништо не ви значи, вам секогаш ви значат вашите лични интереси, за тоа сте влегле во политиката. Тоа е најголемата трагедија на македонската политичка сцена.

Јас не знам зошто чувствувате потреба да го браните Груевски? Четири стана на име на мајката на Груевски која како медицинска сестра работела во Либија и замислете заработиле за толку станови во централно градско подрачје, во вредност од преку 100 илјади евра. Кажете ми пример на друга медицинска сестра која во исто време работела со мајка му на Груевски која заработила за толку станови и тогаш ќе имате право тука да ми држите безсмислени лекции.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Со ова се завршија репликите на говорот на госпоѓица Грковска.

Сега продолжуваме со репликите на говорот на господинот министер Маневски.

Госпоѓо Бендевска имате реплика на министерот, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа што од наводите кои господинот министер од говорницата ги искажуваше во петокот, јас ќе морам да ја потсетам јавноста што кажуваше во тој момент министерот.

Дозволете ми накратко ...

**Љубиша Георгиевски:** Ваши се сите три минути.

**Весна Бендевска:** Министерот вети дека оваа Влада и те како се бори против корупцијата, согласно одредбите на овој закон. Дури се пожали дека сме говореле се само не за одредби на овој закон.

Затоа ќе се обидам многу децидно да поставам прашања на министерот.

Господине министер кога, согласно член 33, ќе го процесуирате конечно случајот анкетен лист на Сашо Мијалков?

Дали, согласно член 63 од овој закон, е казнет носителот на функција Сашо Мијалков за не пријавување навремено на анкетниот лист, дали тоа оваа Влада веќе го процесуирала?

Зошто господине министер, дали имате одговор, молчеше Управата за јавни приходи и Анти корупциската комисија веднаш по истекот на 50-те дена со кои Мијалков на 26 септември 2006 година беше должен да го достави својот имот во анкетниот лист. Зошто девет месеци оваа Влада која декларира дека се бори против корупцијата молчела за овој случај?

Конечно, зошто и денес на веб страницата јавноста го нема на увид анкетниот лист на господинот Сашо Мијалков?

Кога ќе имате конкретни одговори на овие прашања ќе имате доблест од оваа говорница да ни делите лекции како се бори оваа Влада против корупцијата. Се додека избегнувате, се додека ги третирате стечајците, господине министер, бивш претседател на Антикорупциската комисија вие повеќе од сите знаете дека во овој случај грубо е прекршена и процедурата и законската основа околу спречувањето на корупцијата.

Ве молам овие одговори не само заради нас, заради вкупната македонска јавност не смеете, согласно овој закон, да ги премолчите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Следен за реплика е господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Би сакал на министерот Маневски, иако поминаа неколку дена, да му реплицирам за неколку работи кои ги изнесе во својот говор од говорницата.

Прво, искрено ми е жал што вие како министер не ги знаете постапките околу носењето на законите, па испаднавте и на говорница рековте дека Владата донела не знам колку закони, а Собранието е таа институција која ги носи

законите во Република Македонија. За еден министер за правда мислам дека не е добро да се даваат такви искази.

Втора работа, рековте дека Република Македонија од 106 се качила на 84 место според борбата против корупцијата, дали сметате дека со такви афери како што се ТЕЦ Неготино, сега дополнителниот договор со ОКТА, случајот со Законот за енергетика, Македонија успешно се бори против корупцијата или, бидејќи се од вашата Влада тие случаи не ги спомнувате во јавноста и Антикорупциската комисија молчи цело време за дел од овие постапки, а од друга страна упорно вадите случаеви кои се селективни, се однесуваат само, условно кажано, на припадници на една политичка опција додека она што го прави вашата Влада и претходно што го правела, за тие случаи упорно се молчи.

Дали е тоа вистинска борба против корупцијата или водите селективна борба против корупцијата.

Би сакал уште една работа, бидејќи кажавте дека секој во Република Македонија мора да докаже од каде му е потеклото на имотот, кога ќе се изгласа законот за измена и дополнување на Законот за борба против корупцијата мојот предлог е господине министер вие да бидете првиот кој ќе испадне во јавноста и јавно ќе докаже од каде му е целиот имот стекнат за да можете да дадете пример како и другите треба да го почитуваат законот и тоа ќе биде најтранспарентен и најдобар начин да го промовирате она за кое се залагавте како министер од говорницата и како Влада.

Прво, јавно да испаднете и да кажете мојот имот е толку и толку сум го стекнал од овие и овие извори, да нема никакви сомневања кога утре ќе отворите борба против корупцијата или против оние кои нема да можат да докажат од каде им е имотот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Следна за реплика е госпоѓица Славица Грковска, повелете вашите три минути.

**Славица Грковска:** Почитуван министре, вашите заложби за наводна борба против корупцијата и организиран криминал не можам да ги толкувам никако поинаку освен како хипокризија односно лицемерие заради тоа што вие, благодарение на тоа што бевте претседател на Антикорупциската комисија во спрега со госпоѓата Габриела Коневска Трајковска како претседател на Транспарентност на Македонија успеавте да го, така да го наречам, исчистите премиерот Груевски и да не испитате начин на кој ја стекнал имотната состојба и начинот на кој стекнал дополнителни станови во текот на мандатот додека беше министер за финансии. Заради тоа си обезбедивте министерски позиции во Владата и вие и госпоѓата Коневска. За тоа ќе реагирате од место, а потоа и на говорница нервозно.

Меѓутоа, јас се надевам дека вашата долгогодишна кариера некогаш ве поучила дека некои работи не можат да се покријат и дека за се некогаш ќе дојде ден кога ќе излезе на виделина и дека секој ќе ја сноси својата одговорност без разлика кога го направил потегот.

Јас од вас очекував тука да кажете дека согласно член 36 од Законот вие ќе инсистирате прво како подносител на овој закон, како претставник на Владата на овој закон против избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал да се поведе постапка за испитување на имотот и имотната состојба ако лицето во анкетниот лист од член 33 на овој закон не дало податоци или дало невистинити податоци итн. Факт е дека господинот Мијалков не даде податоци, меѓутоа вие изгледа ја имате улогата на заштитник на криминалот и корупцијата на фамилијата Груевски заради тоа што видовте дека е тоа добар терк за стекнување на функција во оваа власт. Меѓутоа, тоа нема да ве амнестира од одговорност во било која друга наредна прилика кога ќе се сменат работите, се разбира.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Ацо Киров е пријавен за збор, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Еве и јас би сакал да го кажам својот став околу овој закон за кој во изминатите денови се дигна повеќе врева во оваа собраниска сала особено последниот ден кога дискутиравме по овој закон.

Можеби моето јавување тогаш беше испровоцирано од дискусијата на одредени пратеници, се јавив, но ќе се обидам да бидам краток, бидејќи мислам дека беше доста кажано од моите колеги пратеници и уште на почетокот би сакал да кажам почитувани колеги пратеници од позицијата не сакам да ме обвинувате дека сме ние тие кои не сакаме да се донесе овој закон, бидејќи ние како СДСМ до сега сите закони кои се однесуваа односно Предлог закони кои ги донесовме кои се однесуваа на корупцијата, криминалот во Република Македонија ги имаме поддржано.

Исто така и овој закон ќе го поддржиме, но би сакал да кажам во врска со овој закон дека има некои нелогичности, односно нешто што според мене, барем јас така мислам, дека имаме многу враќање назад. Ние знаеме дека од 90-тите години наваму односно од плурализмот ВМРО-ДПМНЕ односно не само ВМРО-ДПМНЕ, туку и партиите кои партиципираат во власта како д 1998 до 2002 година, така и во овој парламентарен состав го напаѓаат СДСМ дека има создадено олигарси, богаташи и тн. во Република Македонија. Јас многу пати од оваа говорница зборувам и не можам да ги сфатам односно сегашното парламентарно мнозинство кога плукаат врз СДСМ и кога СДСМ го обвинуваат за се што е лошо во Република Македонија, а се што е добро тоа го кажуваат дека е заслуга на ВМРО-ДПМНЕ.

Почитувани колеги пратеници, тоа дали ние сме односно СДСМ е виновен за се што се има случено од 1990 година наваму, за ВМРО-ДПМНЕ се тие кои што се што е добро се тие заслужни, јас со тоа не се согласувам, бидејќи го имам кажано неколку пати и тоа дека треба добро, мислам не треба многу големо разбирање од математика за да се пресмета колку години е СДСМ на власт во Република Македонија од 90-тите години, а колку ВМРО-ДПМНЕ со останатите коалициони партнери кои што ги има во Владата и кои што партиципираат во овие два наврати односно од 1998 година до 2002 година и сега еве од 2002, сега сме почетокот на 2008 година.

На почетокот кажав дека сме за борба против корупцијата, дека сме за борба против криминалот, но почитувани колеги пратеници, тоа го кажаа и повеќето дискутанти во изминатите денови дека тоа е добро, но треба да не се води селективно ова гонење, притворање, затворање и тн. Бидејќи, барем во досегашната пракса, односно во досегашниот период од 2006година до ден денес имаме, според мене, селективно гонење, селективно обвинување, селективно затворање и тн. односно дури и за одредени личности ки не се ниту е почнат судскиот процес, а колегите пратеници еве во оваа сала, од оваа говорница колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ често и пред да почне судскиот процес ги обвинуваат луѓето дури и да ги одредат годините прво за притворот, а потоа колку години би го затвориле. Тоа не е добро, бидејќи ако нешто сакаме да биде исправно, ако сакаме Македонија да оди напред, ние мораме да се бориме против сите овие зла во Република Македонија неселективно. Значи, да си погледнеме и во своите редови, да си погледнеме и околу нас, а не само тоа што сакаме да го спроведеме или тоа што не е од нашите редови и нашата околина која што не опкружува.

Значи, пред се, сум за едно донесување на такви закони, кои што ќе ја водат Македонија напред и кои што закони секако треба да ги спроведуваме, бидејќи ако сакаме во Европа така не би можеле да станеме членка во Европската унија. Пред се, оваа моја дискусија се однесува за да не биде селективно ова гонење односно борбата против корупцијата, криминалот во Република Македонија.

Јас уште на почетокот кажав дека ќе се јавам за дискусија бидејќи бев испровоциран од неколку колеги пратеници, но ете поминаа три-четири дена и од тогаш наваму, мислам дека беше во петок, а и после случуивањата кои што се случија во Република Македонја не сум баш толку расположен да се расправам односно да го елаборирам тоа што сакав да го кажам, но би ги замолил колегите пратеници кога зборуваат, пред се, сакам да кажам за пратениците од позицијата да бидат барем до некаде објективни во своите искажувања и во своите напади врз нас од СДСМ, односно да се однесува како за пратениците, така и за бивши министри, заменици министри и раководни кадри во претходниот период и тн. Како што имаме неколку пратеници од типот на господинот Влатко Ѓорчев кој што во оваа сала во овие 15-16 месеци секогаш, буквално секогаш кога излегуваат на говорницата има неколку теми кои што најверојатно му се најомилени теми и ги повторува веќе не знам по колку пати, како шт во еден период зборуваше секогаш за корупцијата, 104-то место на невработеност, 37% и тн., па потоа се префрли на Владо Димов, со него се занимаваше пет-шест месеци, а сега има нова омилена тема. Тоа што тој го кажува го заменуваат и неговите колеги, млади колеги од ВМРО-ДПМНЕ кои продолжуваат да го следат во говорите и во непринципиелното излагање односно напаѓање на, како што кажав, луѓе кои што биле поставени на одредени функции во минатиот период од СДСМ.

Сега би сакал само уште две работи да кажам со моето јавување. Едното се однесува и тоа што го кажав пред малку, да немаме селективно гонење односно да гледаме малку пошироко, бидејќи со овој 59-а член кој што се предлага, поднесување на кривично гонење на оние кои не пријавуваат до УЈП своите имоти и тн., се покажа веќе, барем јас како што гледам се покажа дека, иако сеуште законот не е донесен, а имавме обврски и ние сите во ова Собрание и функционери и надвор од оваа сала кои се на раководни функции и јавни функции да го пријавиме имотот, но ете гледаме дека имаме слективност во случајот на, што е актуелно во последните денови на еден од браќата Мијалкови кои го немаат пријавено имотот во првите 9 месеци, после го пријавуваат и како ништо да не било. Значи, уште сега се покажува дека и овој закон кога ќе профункционира ќе биде селективен.

Второ, што би сакал да кажам сега ќе се надоврзам на колегата Агим Рамадани, овде кога реплицираше на колешката Славица Грковска тој кажа дека Славица Грковска не треба да го напаѓа ДПА, бидејќи таа е единствена партија која што не е корумпирана и која што не е вклучена во криминал. Јас не знам зошто не реагираа колегите пратеници. Ајде, ние како СДСМ секој ден плукате по нас дека сме ние тие виновните за се што се случува негативно во Република Македонија, но зошто не реагираа пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, еве и другите кои партиципираат во власта, бидејќи со тоа што колегата Агим Рамадани го кажа, тој кажа дека освен ДПА во Република Македонија сите се останати партии се соработници со криминални структури. Но, тоа го оставам на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ сами да го проценат и сами да реагираат ако не сега, во некоја друга прилика.

Исто би се надоврзал на тоа, на колегата Агим Рамадани, пред се и пратениците од ДПА пред малку кога зборував за Влатко Ѓорчев исто се однесува и за нив. И тие имаат една иста теза, една иста тема, едни исти луѓе со кои што се занимаваа во претходниот период. Тоа се Бранко Црвенковски, Хари Костов и тн. и уште неколку луѓе кои 15 или 16 месеци во ова Собрание ги спомнуваат, а како што кажав на почетокот треба

да си погледнат и во своите редови, затоа што имаат, еве јас нема да зборувам со име и презиме, ама знаеме дека имаме луѓе од ВМРО-ДПМНЕ, имаме луѓе од ДПА кои во минатиот период се со завршени судски одлуки и кои имаат изречено затвор или кои на некои ги користат лавиринтите во правото да се одолговлечи тоа моментално да не бидат во затвор. Треба да си погледнеме прво во своите редови, а не само да гледаме во СДСМ и во опозицијата во овој парламентарен состав. Тогаш, ќе бидеме најреални и тогаш ќе бидеме за правичност во Република Македонија и само така Република Македонија ќе оди напред, ако, почитуван министре, нема селективност во Република Македонија во однос на случаите дали се однесува за притворање, дали се однесува за корупција, дали се однесува за криминал и тн. Еве, јас толку би сакал да кажам околу овој Предлог-закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Владанка Авировиќ има реплика од три минути.

**Владанка Авировиќ:** Една кратка реплика.

Колега, не се работи за плукање на една партија против друга партија на позиција во опозиција. За жал, многу малку луѓе во овој Парламент имале практично искуство со оваа многу тешка материја. Тоа е толку многу суптилна материја, за да може да се дискутира така паушално и така да се редат како слики работите, навистина подобро е и да не дискутирате, бидејќи не ја знаете материјата. А, јас и претходно кога говорев, го говорев тоа неслучајно. Тоа е конечен извештај на Државниот завод за ревизија, ама тој кој што беше и јавен обвинител во вашето време, кој што требаше да покрене постапка, кој што требаше да го открие ова корумптивно владеење на СДСД, тој беше наречен од сам себе си, последен будала. Извештаи има еден куп на Државниот завод за ревизија, тоа се конечни извештаи, каде што е наведено 110 милиони евра се потрошени на незаконски начин од страна на нашите министри, од страна на вашите директори. Вие ништо не преземавте кога бевте на власт. Сега, кога сте дојдени в опозиција одеднаш вас ви теknува да зборувате за корупција, за перење на пари, за јавни набавки. Во сите тие извештаи кои што треба да седнете да ги прочитате, зашто не сте ги прочитале, таму треба да си расчистите вие како СДСМ со тој вид на криминал. А, инаку, многу малку ја знаете оваа материја и навистина жалам што се впуштате во вакви дискусии. Тоа не е плукање, тоа е во вашите редови да си ги откриете сите елементи кои што како партија, вие со тоа прашање треба да затворите. Не можете вие кога ќе дојдете во опозиција да кажувате за криминал, а не сте го расчистиле она што претходно го направивте. Не можете во Министерство за одбрана, добиена е една судска пресуда, сум купил од ВЕРО, а плаќам на ТИНЕХ. Тоа го нема никаде на свет и вие си молчите и кажувате се е тоа во ред. Немојте, ве молам. Значи, вие во вашите редови се што треба да си ги преземете постапките, земете си ги, меѓутоа не напаѓајте паушално. Јавните набавки во сите тие извештаи, велам конечни, тоа е под конечен извештај ако не знаете, тоа значи е спремен за да оди на суд, бидејќи поминале сите нивоа на жалби, не сте преземале ништо. Одлеани пари државни, од државниот буџет се работи. Не се работи за нешто друго. Затоа ве молам, кога зборувате за овој вид на криминал, многу строго да се држите по правилата за кои што постојат законски елементи, не паушални, Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Ацо Киров, една минута контра реплика.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Еве јас во оваа минута, иако е кратко време, ќе се обидам на колешката Авировиќ да и реплицирам.

Колешке Авировиќ, дали јас ја разбирам материјата или не, колку ја разбирам и толку зборувам и затоа општо зборував, не зборував со име и со презиме, а вие гледам дека сте голем стручњак во оваа област и на партијата во која што припаѓате.

Па колешке Авировиќ, Социјалистичката партија колку што знам, или ако сте биле член на Социјалистичка партија барем од почеток, Социјалистичка партија нон стоп е во власта во Република Македонија, освен 1998-2002,односно 2006 година. А, за тоа еве сега сум испровоциран да кажам дека имаме луѓе, еве вие каде што бевте во власта Ламбе, Далаверски, Војо и тн. кои што СДСМ ги гонеше и за кои што има судска завршница.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Измените на законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупција и воопшто Законот за спречување на корупцијата во Република Македонија предизвикува и секогаш предизвикувал внимание, затоа што се работи за една суптилна материја во која што сите без исклучок сме се определиле во нашите политички платформи дека ќе водиме безпоштедна борба против корупцијата и нормално дека овде дискусиите не можат да бидат насочени само кон законските решенија. Секогаш во дискусиите ќе се натпреваруваме кој колку повеќе направил во овој дел, во оваа област, кој што направил и кој навистина популистички се бори против корупцијата и кој се бори навистина против корупцијата.

Јас сега само да ве потсетам дека 2002 година точно е дека е донесен Законот за спречување на корупцијата, а тоа е во април, значи во мандатот, во траењето на мандатот на ВМРО-ДПМНЕ заедно со коалиционите партнери, затоа што тогаш отпочнуваа почетоците после потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Нормално, државата требаше да донесува законски решенија во областите во кои што беше задолжена да ги исполнува, заради

членство, добивање кандидатски статус и понатаму членство во Европската унија. Значи, едно е да се мора да се донесе закон, а друго е да се сака да се донесе, да се има политичка волја тој закно да се имплементира и да се спроведува. Ова точно се потврдува со донесувањето на законот во времето на владеењето или во времето кога на власт бил ВМРО-ДПМНЕ со своите коалициони партнери. Донесен е само закон колку да се испочитува обврската од донесување на овој закон, но немање намера, никаква политичка волја да се справат тогашната коалиција на власт со корупцијата. Затоа, во преодните и завршните одредби на овој закон е во членот 71 предвидуваат решение со кое што Државната комисија за спречување на корупцијата како надлежна и најповикано тело, орган за водење борба против корупцијата, ќе се именува или ќе се изберат најдоцна во рок од шест месеци. Ова е класичен пример на популизам. Значи, донесуваме закони, но незнаејќи дека во септември истата година има избори на кои што секако дека непредвидливо е кој ќе добие, но со оглед на начинот како се владеело веќе во воздухот беше испорачано од граѓаните тогаш дека навистина оваа коалиција веќе не може да ја води Република Македонија, немањето на политичка волја да се застане на патот на корупцијата, која впрочем и самите ја продуцираа, се предизвика донесување на едно вакво решение. Значи, одложна примена на законот за повеќе од шест месеци, затоа што без оган, кој што ќе се бори против корупцијата и кој што ќе го имплементира овој закон, нема борба против корупција. И, еве ја тезата кој колку прави, кој како прави и кој на каков начин се бори против корупцијата. Дека борбата со корупцијата е тешко и суптилно прашање, како што кажа колешката Авировиќ и бара знаење, се согласувам. Но, дека борбата со корупцијата и покрај знаењето може да биде неуспешна ако се нема политичка волја и ако селективно се бориме е исто така точно.

Сега да видиме што Социјалдемократскиот сојуз направил по доаѓањето на власт во Република Македонија.

Веднаш ја избра Комисијата за спречување на корупцијата. Оваа Комисија отпочна да работи, оваа Комисија со ништо не беше уценувана, со ништо не беше доведувано под притисок нејзиното работење, затоа што сведок тука е и членот тогашниот член на Комисијата за спречување на корупција, сега министер за правда, господинот Михајло Маневски, и тогаш Комисијата работеше навистина со полна пареа. Овој законодавен дом и Владата како овастен предлагач на законите во најголем број на случаеви, следејќи ја работата на Антикорупциската како што ја викаме популарно Комисија, оцени дека, а имајќи политичка волја навистина да се справи против криминалот и корупцијата, не значи дека навистина немало корупции и криминал. Тоа секогаш сигурно ќе го има но мора сите механизми да ги активираме во ефективна борба. Значи тогаш Социјалдемократскиот сојуз кој што беше на власт, ценејќи дека оваа Комисија работи и дека во Законот има правни празнини, дека треба овие правни празнини да се решат со соодветни решенија, направи измени и дополнувања на Законот за спречување на корупција, оцени дека треба да се професионализираат дел од членовите, оцени дека треба да се зајакне позицијата на оваа Комисија како надлежно тело, оцени дека треба да се вградат и одредби околу делувањето на политиката во курпцијата и политичките партии и направи вакви промени.

И овие промени ги имплементираше. По овие промени работеше Антикорупциската комисија.Е тоа е значи вистинска волја да се работи, тоа е вистинска волја да се направи еден широк фронт против Корупцијата.

Понатаму, бидејќи корупцијата е секогаш поврзана со власта во тогашно време, во владеењето на Социјалдемократскиот сојуз или да кажам кога на власт бил Социјалдемократскиот сојуз со неговите коалициони партнери, Антикорупциската комисија еве, има бројни покренати иницијативи за утврдување на коруптивни дејствија на одредени членови, секако кои што биле и од СДСМ но и од партиите кои што тогаш не биле на власт а биле во одреден период на значајни позиции и каде што навистина се сомневала дека има коруптивни дејствија.

Некој точно е за волја на вистината некои завршиле со покренувањето на обвинителни акти, некои завршиле со судски пресуди, за некои сеуште нема никаква иницијатива, некои се нормално и отфрлени.

Е така, СДСМ се борел во рамките на можностите на првите чекори се борел против корупцијата. Но што правиме сега колеги пратеници, дали некој слушнал за некаква иницијатива на антикорупциската комисија. Пред две недели искрено да ви кажам кога ја видов претседателката на малите екрани на антикорупциската комисија, јас мислев дека отпочнала да се бави со случаите на ОКТА, отпочнала да се бави со случајот ТЕЦ Неготино, отпочнала да се бави со случајот ЕЛЕМ сега што ќе биде, отпочнала да се бави она што постојано го поставуваме како прашање, со кампањите, трошењето на буџетските средства од страна на Владата, отворете еден весник колеги пратеници. Ќе видите дека огромни средства Владата троши, ние упорно поставуваме прашање дали има предвидени вакви средства во Буџетот, кај се овие средства, зошто се трошат за непотребни кампањи за нешто што е јасно и на очиглед на граѓаните дека образованиетo била сила. Сите знаат и мојот прадедо кој што немал поима од да речеме од наука, знаел дека колку поучен човек толку понапредно општество. Постојано прашуваме но одговор никако не можеме да добиеме.

И наместо со овие предмети да се занимава Антикорупциската комисија излезе да каже за

телефоните на пратениците. Кој што ако погледнете, јас упорно гледам ниту еден пратеник не ги носи со себе, значи ќе и ги вратиме на Антикорупциската комисија овие телефони, но требаше и секретарот да каже дека како е постапката не повторно да не прават како будали дека нешто сме зеле пратениците што не ни припаѓа и вистина поразена сум. Наместо да слушнев дека Антикорупциската комисија прашала и си поставила прашање вртејќи во весниците секојдневно дека има реклами зошто овие пари се трошат, од кои буџетски средства, зошто не ги дадеме сега овие пари на тутунарите за премија, туку трошиме за да ги купуваме медиумите, можеби или не знам што или да переме пари. Но Антикорупциската комисија молчи, се занимава со споредни прашања, или се занимава со работи само кои што се поврзани со функционери или раководни лица, од опозицијата, затоа што е цврсто решена оваа власт, селективно да се бори против криминалот и корупцијата. Ние ништо немаме против да се занимава оваа Комисија или да се занимава Владата на Република Македонија и со коруптивните дејствија на опозицијата. Но, ќе бидеме убедени дека навистина имаме широк фронт против криминалот и корупцијата, доколку до денес две години од владеењето, година од случувањето или секојдневно случување на вакви коруптивни активности не покрена некаква иницијатива за испитување на ваквите состојби во Република Македонија. Е се дотогаш додека не видиме ние секогаш ќе имаме аргументи, ќе имаме право да тврдиме дека борбата против корупцијата е вистинска фарса, борбата против корупцијата во Република Македонија е насочена само кон оние кои што се опозиција, борбата против корупцијата или испитување или да не речам исценирање на случаи коруптивни на водечки личности кои што значат нешто во опозицијата се со цел да се дискредитира опозицијата.

Вака не се води борба против криминалот, вака не се постигнуваат ефекти во борбата, вака можеби следниот извештај од Европската комисија доколку не ги отворите случајот ОКТА, случајот ТЕЦ Неготино, платежната картичка, кампањите во кои што сите професии верувајте се срамам кога ги гледав на големите огромните паноа за кои што се троши огромни буџетски средства, за кои што Комисијата треба да праша од каде се овие средства во кои што сите професии ги направивме коруптивни, значи тука се молчи тука нема никаков одговор, и ако вака продолжиме секако Европската комисија многу појасно ќе ни пишува во следниот извештај за напредокот на Република Македонија, дека во Република Македонија, има напредок во борбата против корупцијата, но само кога се работи за случаи кои што се поврзани со опозицијата, но никако и за случаи кои што се поврзани со власта.

Тезата дека ќе ви нафрлиме, еве постојано младиот колега Николовски вика јас потврдувам дека Радмила има три милиони евра спечалени во време кога била на власт, дајте повлете, бујрум докажете како што вика и Мијалковите имале еден милион. Јас сакам само да ја направам разликата како правник. Разликата е во тоа што за да кажете за госпоѓата Радмила Шеќеринска дека има три милиони евра, и треба да се докажува. Овдека Мијалковите сами си пријавиле милион евра и тука треба да се испита иако е се во ред, ако е се како што треба, ние немаме ништо против луѓето од сопствениот труд, од сопствениот бизнис, да се збогатуваат ние ништо немаме против. Луѓето од својата работа од својата умешност да имаат и големи пари затоа што во Република Македонија треба да има и богати луѓе, доста со сиромаштија, но сето тоа треба да биде на легален начин спечалено, и ако се дига прашина околу нешто треба антикорупциската комисија во интерес на вистината да излезе и да каже дека ги испитале случаите со становите одново, на премиерот дека испитала со имотот на Мијалкови, за да се тргне сомнежот на граѓаните на Република Македонија и еве како што милувате да кажете да се тргне нашето вие како што кажувате неаргументирано напаѓање. Во спрогивно, сето ова отвора сомнеж дека во Република Македонија власта си ја тера својата работа, си ги тера своите тендери, а води борба против корупцијата, против луѓето кои што се од опозицијата.

И сега би сакала нешто околу законските решенија кои што ни се нудат и зошто волку дискутираме околу законските решенија.Ние ништо немаме против допрецизирањето на решенијата на Законот за спречување на корупција, ние ништо немаме против зајакнувањето на позициите на органите во борбата против корупцијата, но ние имаме против непрецизните решенија кои што во практична примена би можеле уште повеќе да ја зајакнат селективната борба против корупцијата.

Според мене измените во членот 1 каде што се предвидува лицето за кое што е покренато постапка да се утврдува како се стекнати имотот и средствата со кои што се располага, вака како што е дадена како што е срочено ова решение значи лов на вештици. Ова решение ќе значи постојан притисок на оној кој што не ни се допаѓа. Постојан притисок кој што ни е политички опонент заради негово елиминирање. Затоа што со ниту една одредба не е утврдено кој период на лицето функционер е опфатено да го докажува својот имот во постапката. Тоа значи дека може да се враќаме до бескрај да го враќаме тој што треба да докажува и пред 50 години како можеби го стекнал својот имот, се со цел политички да се дискредитира.

Можеби господинот миниситер ќе ми каже дека тоа е поврзано со Законот за управната поточно Управа за јавни приходи, или со Законот за даночна постапка каде што Управата за јавни приходи рокот таму е утврден може да испитува во рок од пет години, или таму каде што е порзано со кривично дело во рок од 10 години. Но немаме ниту една упатна одредба овдека во Законот со

која упатна одредба решението од член 1 ќе го направиме по прецизно и ќе знаеме на што се однесува.

Вака како што е срочено ова решение значи дека испитувањето или да не речам политичкото малтретирање на луѓето кои што вака како што сме ја почнале борбата, како што сте ја почнале борбата против криминалот и корупцијата да биде ќе биде до бескрај.

Значи уште еднаш повтрорувам, не сме против зајакнување на позицијата на органите кои што водат борба против корупција. Не сме против решенијата со кои што се допрецизираат одредбите. Не сме против решенијата кои што навистина ќе ја овозможат нивната практична примена ќе овозможат ефикасна борба против криминалот и корупцијата, туку сме против решенија кои што може да станат меч со кој што политички ќе се расчистуваат политичките субјекти кои што се на власт со политичките субјекти кои што се во опозиција Затоа бараме прецизно решение, сметаме дека решението од член 1 не е доволно прецизно, и бараме министерот како преставник на предлагачот, навистина да го разгледа ова укажување, затоа што овој закон ќе важи овој закон ќе важи и после три години кога ќе дојдеме на власт, овој закон тогаш ќе немаме волја затоа што веќе се применувал, можеби и ние да го менуваме.

Затоа препорачувам дајте навистина да го разгледаме да не си создаваме оружје во рацете за политички расчистувања, туку да си создадеме оружја во рацете заради навистина ефикасна борба против криминалот и корупцијата, во спротивно навистина како што се води оваа цела борба значи овозможување на законско решение и понатаму да продолжи селективната борба против криминалот и корупцијата и ништо повеќе.

Ова е значи мојот став околу овој закон, ова е мојот став околу работатата или целокупната борба на Владата против корупцијата, повторно ќе кажам дека ја подржувам како личност борбата против корупцијата и криминалот, но не подржувам и ќе се борам со сите средства за селективна борба против криминалот и корпцијата, а особено за политичка борба против криминалот и корупцијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Белки сакавте да кажете против селективна, направивте лапсус. (Да)

Да не остане во записник така, лошо би било да остане така во записник.

Повелете господине Ивановски, вие сте на ред имате збор.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Не е случајно што секогаш дебатата за корупцијата е ваква во Република Македонија. И за жал и во изминатата, со малата пауза заради големата трагедија, дебата се потврди дека претставниците на владеачкото мнозинство, придружено од претставниците на нивните сателити, ќе се обидуваат да докажуваат дека тие наводно се борат против криминалот и корупцијата, и дека се што во Република Македонија до овој временски период е направен, заслугот е на некој друг, а не на нив самите.

Затоа, колеги од владеачкото мнозинтво веднаш да ја расчистиме таа дилема на самиот почеток. Вие, на изборите во 2006 година ја добивте довербата на македонските граѓани да бидете подобри, ако наводно некој пред вас бил полош, и ја добивте довербата да ги расчистувате случаите на криминал и корупција. Не, од 1945 до 1990 година, туку да ги расчистувате сите отворени и процесиуирани случаи до овој временски период и секако оние кои што ќе се случат и во следниот временски период.

Што добивме како резултат барем до сега. А тоа го потврдува и дел од анкетата направена од Американскиот ребупбликански институт во средината и крајот на месец декември. А тоа е дека граѓаните 7 од 10, значи 70% од граѓаните не почувствувале дека или поточно речено не се согласуваат дека Владата води добри политики. Кога велам добри политики, мислам и на политиката, таа е таксативно наведена и во некои други прашања во борбата против криминалот и корупцијата. И на едно друго дополнително прашање господине министре, иако бев спречен од страна на потпретседателот на Собранието да ви реплицираме минатата недела се истакнува дека македонските граѓани сметаат дека борбата против криминалот и крупцијата до овој момент е политички мотивирана. Тоа го сметаат 50% од македонските граѓани. Или секој 5 од 10 македонски граѓани. Половината. И тие показатели треба многу сериозно да ве загрижат и да размислите дали како Влада сериозно ги спроведувате обврските кои што ги преземавте на последните парламентарни избори. Велам да се запрашате ако мислите нешто да корегирате, ако не одговорот ќе ви го дадеме на следните парламентарни избори. Дали биле предвремени, дали биле редовни можете да бирате и да одлучите.

Што ми се случува во изминатите 18 месеци, заради шминка и секој пат кога се прави анкета, значи тука немате промашај, а се прави анкета, најчесто на американскиот републикански институт, имаме два до три дена апсења. Тие апсења се пред се камери, тие апсења се заради камерите и македонската јавност, цд-ињата се режат пиратски, тоа е друга проблематика и им се делат на медиумите за да се види како некои луѓе се приведуваат со лисици, се со една единствена цел, само да се задржи привидот не и нешто понатаму да се постапи.

Сите претставници на владеачкото мнозинство во измнатите денови велат, многу направи Владата. Ајде да видиме што направи Владата во изминатите 18 месеци. Уапси вработени на патарина кои земале 300 денари, 500, 1000, не навлегувам во сумата, уапси цариници, полицајци за 3 евра, 5 евра, 10 евра. Овие суми ги земам согласно судовите на судовите каде што за прв пат се прави преседан, за исто кривичо дело, а за разлика од 5 евра некој ќе добие две години

пресуда осудителна, некој ќе добие три, што уште еднаш ја потврдува апсурдноста на целиот овој случај и на политички мотивираните водени процеси. Никој во оваа држава нема да рече не на таквите процеси, апсолутно. Ако органите на прогонот утврдиле дека некој згрешил и постапил спротивно на законот, тој треба да биде и соодетно приведен, постапката за неговата вина да се утврди во судската постапка и кога таа ќе биде правосилна, ако е осудителна и ја оутжи со соодветна законска казна. Но, таквите постапки не можат да се прават во стилот, веднаш ќе ги осудиме и пресудиме на луѓето затоа што ќе ги жигосаме со јавните приведувања и ќе истакнуваме дека тоа е врвот на борбата против криминалот и корупцијата во Македонија.

Мене сосема ми е јасно зошто господине министре, вие, вашата колешка од Министерството за внатрешни работи и сите останати, почнувајќи го Груевски се одлучивте на тој пристап, а тоа е во 18 месеци ќе правите привид дека апсите или судите некој за 5, 6 , 7 евра, ама големата крининална и корупциска игра ќе си ја спроведете вие и ќе ви остане неказнето.

Ќе отворам само два случаи од кој првиот ќе го прогласам за најматен корупциски настан за 2007 година, а тоа е ОКТА.

Господине министре, за тоа една ваша колешка меѓу другото пред два дена поднесе и оставка. Тоа ќе го разговараме кога ќе го бираме новиот кандидат од НСДП, ако е од НСДП. Но, од Транспаренси интернешнл, од медиумите, од секоја здраво разумна јавност, ОКТА беше оценета како најматен корупциски настан за 2007 година. која е штетата која вие ја направивте на 31.12.2007 година во 16,00 часот, значи полушпиунски, со потпишувањето на нов договор поврзан со ОКТА. Направивте штета која преведено во пари во следните 18 месеци ќе изнесува добивка за ОКТА од 1.200.000.000 долари, а кога ОКТА која ви е традиционален бизнис и политички партнер ќе заработи 1.200.000.000 долари. За тоа треба некој да се награди. Кога некој се наградува затоа што потпишал нешто, согласно своето уставно овластување за да бизнис субјект профитира, тоа се вика криминал и корупција. Тоа е огромна корупција и огромен криминал. За тоа господине министре вашите луѓе во Владата одлучија за ОКТА да не разговараат јавно на отворена владина седница. Одлучија за ОКТА да им наредат на вашите колеги пратеници да не се разговара во Собранието. 6 месеци бараме итна седница за ОКТА, вашиот претседател на Собранието го чува тоа барање во фиока и го крши Деловникот, затоа и бараме тој да биде сменет, затоа што арбитрира и политички одлучува кои седници ги закажува и кои точки ќе ги поставува. Затоа господине министре го нема вашиот колега економски експерт, потпретседател на Влада да се појави на ова Собрание. Ќе видиме дали ќе дојде утре на пратеничките прашања. Секој пат кога обзнанувавте иоле минимални потези на Владата се редевте со цела Влада. Вие бевте дел од тоа како една слика.

Кога го потпишавте договорот со ОКТА на 31.12, ве немаше никој. До ден денес Владата нема координиран и официјален став поврзан со новиот договор за ОКТА освен ако не ги сметам за ставови оние небулози кои ги истакнува владиниот портпарол, но него не можам ни да го критикувам, него го жалам. Затоа господине министре, кога зборуваме за криминал и корупција на оваа Влада и за борбата на оваа Влада против криминалот и корупцијата ќе погледнете малку во вашиот двор, бидејќи во вашиот двор веќе имате сериозно нагомилано случаи кои ќе треба да ги разрешувате, ако сакаш некого да убедувате дека навистина се борите против криминалот и корупцијата. Имате опција тоа да го направите, имате опција да не го направите. Ако го направите ќе го поздравиме, ако е објективно. Ако не го направите ќе добиете ветување, некој ќе рече закана, дека следната влада дефинитивно ќе ги расчистува тие случаи. Дали тоа ќе ви се допадне на вас или на вашите колеги на Владата, сегашна, не знам, но дефинитивно следната влада ќе отвори сериозни истражни постапки за случајот ОКТА, бидејќи за тој случај и одлуката заради политичкиот пазар и бизнис со неа и дадете бизнис од 1.200.000.000 долари на штета на македонските граѓани, некој мора да одговара. Тој кој го смислил се наоѓа, претпосатавуваме, надвор од границите на Македонија, ама тој што го потпишал се наоѓа на Илинденска бб, и такви се тројца. Една падна. Останаа уште двајца, Ставрески и Славески, ама никој нема во таа ситуација да биде амнестиран.

Вториот случај ТЕЦ Неготино за кој ја убедувавте македонската јавност дека ќе биде најдобрата приватизација. Потрошивте пари за реклама, потрошивте пари затоа што ТЕЦ Неготино во таа ситуација не работеше. Можеби ако работеше ќе беше поинаква ситуацијата.

Вие господине министре се обидувате во вашите политички трактати кои би требало да ви бидат забранети, барем во ова Собрание, на телевизија и во Владата се ви е легитимно и дозволено, се обидувате да дефокусирате јавност на тој начин што зборувате за нешто пред 1990 година. Ако тоа продолжите да го правите јас ќе ве подржам, бидејќи за многу настани пред 1990 година, а и за многу настани од 1998 до 2002 година и сега сте вие лично поврзан и од тоа не можете да се амнестирате. За жал, на ВМРО на среќа на СДСМ, но најмногу за жал на граѓаните, Михајло Маневски е еден дел од системот кој, како што велат вашите помлади колеги во пратеничката група, наводно ја осиромашила и опустошила Република Македонија.

За ТЕЦ Неготино, господине министре, кој исто така беше прогласен за еден од најматните и коруптивни настани во изминатата 2007 година, вие на постапувате и не превземате ништо. За тоа молчите, ама затоа полна ви е устата за петорицата цариници, за пет евра кои биле уапсени и осудени. Тоа е веќе завршена работа.

Ајде да видиме што ќе правите вие господине министре со ТЕЦ Неготино. Ајде да видиме што ќе правите со ОКТА. Вие се обидувате и понатаму да продолжи концептот, големиот владино-инстуруиран државен криминал и корупција да поминува на голема врата, а да ја замачкувате јавноста со тоа што наводно ќе дигате коли со пајаци или ќе казнувате некој за пет евра. За да биде целосна борбата против криминалот и корупцијата треба и ова но и она што е најкрупно, бидејќи не може некој, затоа што наводно ја добил довербата на граѓаните и тоа само од 307 илјади граѓани на последните парламентарни избори, да го користи својот потпис и да дава огромни бизнис бенефиции на трето лице, при тоа можеби, тоа во овој момент не можеме да го докажеме, но здравје боже ќе можеме да го докажеме понатаму и да стекне корист сам за себе. Тоа е крупното прашање. Тоа е крупната работа, бидејќи, зошто господине министре вие имате обврска да се борите против криминалот и корупцијата бидејќи тоа од вас го бара Уставот. Но, тоа од вас го бараат 98% граѓани на оваа држава кој велат дека може да постои безкомпромисна борба против криминалот и корупцијата, бидејќи тоа е услов за Македонија да влезе и да стане полноправна членка на НАТО и за Македонија да влезе и да стане полноправна членка на Европската унија, бидејќи без сериозна борба против криминалот и корупцијата нема странски инвестиции, а без странски инвестиции нема ни подобра економија, нема ни вработување. Затоа ви се слаби или речиси катастрофални резултатите на полето на невработеноста во 2007 година, затоа што има најниско ниво на странски инвестиции во 2007 година до сега. Зошто? Кој странски инвеститор ќе дојде кога ќе види дека се случуваат ситуации како ТЕЦ Неготино. Кој странски инвеститор ќе дојде кога тој што треба да го привлече му бара пари. Глигор Ташкович кој треба да привлекува странски инвестиции вели, јас ќе сакам да ги наплатам моите делови од провизијата и тоа го објавува јавно небаре станал херој на оваа држава. Кој странски инвеститор ќе сака да дојде кога гледа дека една компанија ОКТА која што е продадена наводно 32 милиони долари на времето, кој што не се легнати сите на сметки и се плаќа оштета од 40 милиони долари. Само по тој основ приватизацијата е во минус и ќе рече некој странски инвеститор, јас сакам да дојдам во Македонија. Нема да дојде, затоа што главните извори на крупниот криминал и корупција лежат во институциите што треба да му помогнат тој да работи. Не да му подарат профит, туку да му овозможат услови тој да заработи и ништо повеќе. Затоа е многу битна оваа борба против криминал и корупција и за тоа ја имате подршката од сите, немате проблем ниту од опозицијата, немате проблеми ниту од било кој релевантен во оваа држава, а најмногу од граѓаните кои ќе ви речат, да, сакаме реално, сериозно и бескомпромисно да се борите против криминалот и корупцијата, ама не во исто време да го правите на овој начин, бидејќи одговорот ви стига во континуитет. Последната анкета на ИРИ е само последанта во серијата каде 50% од граѓаните ви велата политички е мотивирана борбата против криминалот и корупцијата. Не веруваме во вашата борба против криминалот и корупцијата. Зошто? Затоа што сте селективни, затоа што не ги решавата случаите што ги правите сега, ја користите вашата моќ да ги расчистувате ситните случаи, а крупните да поминуваат како на брза лента и некој да оди со филозифијата, подобро да бидам 4 години министер, да го товарам самарот и магарето, а после тоа што ќе се случи не ме интересира, бидејќи ќе ги изгуби мојата партија изборите, ќе ги изгуби ВМРО следните избори. Министрите велат, ајде нешто да успееме да направиме за себа. Ајде дел од оние што се влијателни во партијата да речат ајде и ние нешто да успееме да направиме, а после тоа не не интересира, ќе дојде некој друг па тој нека му ја мисли. Тоа е вашата филозофија. Така функциониравте од 1998 до 2002 година и тогаш ОКТА излезе и тогаш излегоа Ламбевски, Даравелци кои имаа притисок во своите тестаменти да напишат дека во случај на недај боже целиот имот кој тие го заработиле да го препишат на партијата на ВМРО-ДПМНЕ. Што покажува тоа? Тоа покажува која е матрицата на ВМРО-ДПМНЕ во борбата против криминалот и корупцијата. Ќе потрошиме 2-3 милиони евра на кампања без тендер, нема да дадеме отчет. Во тие 2-3 милиони за кампања на медиумите ќе им кажуваме колку се бориме против криминалот и тоа ќе ни биде шминката, ама затоа позади ќе си ја сработуваме целата работа, ќе ни се случува ОКТА, ќе ни се случува ТЕЦ Неготино, ќе ни се продаваат плацеви на еден, на втор, на трет и вие кога ќе дојдат крупните работи да се решаваат ќе велите некој трет ни е виновен. Ние сме најдобрите.

Сакам да спомнам една друга ситуација, која за жал, ја зборуваат и нашите помлади колеги пратеници кои велат во континуитет, во оваа држава е направена сериозно осиромашување и пљачкање на македонските граѓани па дури и посочуваат и имиња. Јас во дел се согласувам, да во Република Македонија во секоја година од нејзината независност постоеле ситуации кога имало крупни корупциски афери и скандали, ама тие се поврзани со конкретни имиња и презимиња и прашањето кое сакам да го поставам, ако веќе ја прифатам тезата дека наводно имало некои кои пљачкале и некој кој бил ограбен. Ако имало некој кој експлоатирал и некој кој биле експлоатиран, така барем велат колегите Влатко Ѓорчев, Александар Николовски итн, јас ќе речам, во дел се согласувам, имало и такви што пљачкале, имало и такви кои биле ограбени, имало и такви кои експлоатирале и такви кои биле експлоатирани, но ајде да погледнеме конкретните имиња и презимиња, дали Михајло Маневски се наоѓа на страната на тие што пљачкале или на тие што биле ограбени, дали Михајло Маневски се наоѓа од страна на експлоаторите или на експлоатираните, дали

вашите членови на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ за кои говореа многу мои колеги, се наоѓаат на страната на тие што земале, или им биле земани парите. Јас не гледам, ако сакате еде по еден ќе одиме почнувајќи од Михајло Манвески кој ја напушти салата, претпоставувам не може да го слуша ова, па и сите, ако сакате еден по еден ќе одиме освен помладите во Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ и да провериме дека сите од нив  ниту биле ограбени, ниту биле експлоатирани, бидејќи ако ги погледнете анкетните листови сите од нив имаат по неколку стана, имат сериозна заработувачка, сериозни заштеди, некој мери во илјадници евра, некои во милиони, понеколку автомобили, понеколку викендички, по неколку други некретнини, имоти, и замислете ВМРО-ДПМНЕ обвинува за експлоатација и за грабеж. Ајде погледнете малку во вашиот двор и проценете дали вашите функционери се наводно тие кои биле хендикепирани и експлоатирани. Не тоа е голема лага. За секој може соодветно да се аргументира и престанете веќе да ја злоупотребите собраниската говорница докажувајќи дека наводно некој трет во оваа држава 17 години правеа зулуми и штети. За да го добиете одговорот кој го правел тоа, погледнете во  вашиот двор и ќе видите таму што правеле вашите раководители и функционери, колку заработиле, за кој временски период тоа го направиле, па тогаш ќе излеземе на мегдан па ќе се споредиме, па ќе споредиме колку има Груевски, а колку има Шекеринска, па ќе споредиме колку има Михајло Маневски, а колку има Игор Ивановски, па ќе споредиме колку има Сашо Мијалко, а колку има Владо Бучковски. Ајде објективно и со факти да ги одмериме работите и тогаш ќе докажеме, пред сите ако сакате, како се водело и како во овој момент се води борбата против криминалот и корупцијата во Република Македонија. Инаку вие можете 24 часа, седум дена, 365 дена во годината да верглате на телевизија или во Брисел, или каде сакате дека водите борба против криминалот и корупцијата, ама на крај фактите го говорат спротивното. 6 месеци упорно бегате да дадете одговор или во најмала рака да дебатираме тука за ОКТА. Зошто? Затоа што нешто криете, затоа што знаете колкав е договорот и колку тој вреди. Одбивте да разговарате на отворена седница на ТЕЦ Неготино, одбивте да дадете одговор за тоа како се потрошија 10 милиони евра во Министерството за внатрешни работи за седум дена за набавка на опрема. Опремата никаде ја нема, а некој потроши 10 милиони евра. Каде се парите, каде е опремата и вие ќе зборувате дека уапсените цариници за 5 евра ви се голем крунски доказ, дека добро ја водите борбата против криминалот.

Се гледа кога ќе излезете надвор разговарајте со било кој, кој што го застанете на улица и прашајте го дали сметате дека оваа Влада не прави на одредени нивоа криминал и корупција.

Јас лично ви сугерирам, бидејќи криминалот и корупцијата секогаш мора и има име и презиме, вие како ВМРО-ДПМНЕ или како НСДП или како ДПА итн, ги санкционирате случаите во вашите редови за да го тргнете привидот дека цела партија ВМРО-ДПМНЕ е корумпирана. Јас знам дека во ВМРО-ДПМНЕ па и во сите останати партии има луѓе кои не се корумпирани и криминални, апсолутно. Тие се чесни и си работат за оние пари кои ги добиваат. Колку сработуваат е друго прашање. Тоа се мери на избори. Но, кога разговарате со луѓе тие велат сите крадат, сите се криминални. Заради самите вас вие треба да го санкционирате тоа за да докажете дека не се сите такви и дека таквите имаат конкретно име и презиме и дека таквите, соодветно на Уставот и законите на оваа држава, треба да бидат санкционирани за останатите кои тоа не го прават да се разликуваат. Не може во оваа држава сите политичари да го имаат епитетот на криминални и корумпирани. Не е така. Се знаат кои се тие, само клучната обврска на секоја влада е тоа што го говори да го спроведува во дело и да рече за овие и овие луѓе имаме индиции па ќе ги барам доказите, па кога ќе ги најдам и ќе ги обезбедам доказите ќе почнам преку органите, преку јавното обвинителство, со барање за постапка а судот ќе одлучува понатаму во прва, во втора фаза, додека пресудата, ако има таква, а мора да има, ќе биде или ослободителна или осудителна. Затоа воопшто не е случајна или треба да ја пренабрегнеме ваквата дебата, бидејќи ниту ќе има сериозен бизнис и инвестиции во оваа држава, ниту ќе ја подобриме економската ситуација, ниту пак ќе бидеме сериозен кандидат за НАТО и за Европската унија, ситуации да ги расчистуваме.

Последниот случај кој е најголем од политичката пресуда, ја донесоа веќе невладините организации кои се занимаваат со оваа проблематика, а тоа е ОКТА, Македонија не само што ја чини внатре, туку ја чини и надвор, бидејќи секој кој би сакал да инвестира или да биде дел од тој пазар во Република Македонија, ќе рече јас не можам да опстојам на македонскиот пазар затоа што оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ до тој степен ја фаворизира ОКТА што сите останати апсолутно можат веднаш, ако се тука, да стават клуч, а некој што сака да дојде да рече, како странски бизнисмен не сум пожелен во Република Македонија. Затоа после, господа од ВМРО-ДПМНЕ, невработеноста е висока, затоа за десет места паѓа Македонија на конкурентноста, затоа Македонија со најнизок стандард во регионот има највисок скок на сите цени на производи, затоа господа од ВМРО-ДПМНЕ денес се живее полошо отколку што се живеело претходно и затоа господо од ВМРО-ДПМНЕ денес перцепцијата за криминалот и корупцијата, крупниот што вреди и се мери во милиони, Македонија ќе ја одврати и од Европската унија и од НАТО и ќе оневозможи подобра економска и бизнис ситуација во Македонија. Вие се фалите со подобрување на скалата на транспиранс интернешенел и тоа е

добро. Добро е државата да прогресира во позитивна смисла, но за жал ваквите случаи што ги направивте во 2007 година, Македонија ќе ја постават на уште пониско место веќе во следната 2008 година и вие и тогаш ќе велите дека тоа било резултат на неажурноста на судовите. Не. Перцепцијата не се мери или не нужно се мери преку завршени судски процеси. Таа е перцепција. Вие на тој план во 2007 година направивте катастрофални резултати, ги одбиравте датите каде коинциденцијата не е случајна.

ТЕЦ Неготино го потпишавте договорот, криминален, а се повлековте после, на ден пред 2 август, пред АСНОМ, за да се маскира. Го договоривте заради јавноста и се обидовте да направите апсење на наш колега пратеник само за да се покрие ТЕЦ Неготино.

ОКТА што е многу пати поголема од ТЕЦ Неготино тајно ја подготвувавте 3-4 месеци, ја потпишавте на 31.12. во 16,00 часот. Јас сум убеден дека некој трет корупциски мега скандал кој ќе се случи, пак ќе биде избран да се потпише во некој таков празничен, условно, ден каде сметате дека македонската јавност нема да биде фокусирана во гледањето или во барањето на вистината, дали тоа ќе го направите за Велигден, не знам, зависи од големината на идниот корупциски скандал, дали ќе го направите во некој друг ден, ама коинциденциите не се случајни. Во 2007 година вие ни приредивте сериозно крупни корупциски случаи кои можеби не се поврзани едни со други, но коинцидираат.

Зошто цело време ги спомнувам овие два ОКТА и ТЕЦ Неготино? Затоа што меѓу другото тие се поврзани и со една треба работа.

Вие како Влада, не како колеги пратеници, но како пратеници од вас ќе се бара да го аминувате концептот на новиот закон за енергетика, на 18-ти, кој е формалниот дел од целиот пакет, а еден дел од тој пакет на Владата кој вреди многу пари, вреди ужасно многу пари и некој сака да биде дел од тој колач. Вели, на големите потрошувачи ќе им понудам струја произведена во ТЕЦ Неготино за 75 евра мегават, притоа зошто ќе го направам тоа? Тоа ќе го направам прво за да си ја испазарам до крај ОКТА и да си го земам својот дел од колачот и целокупната количина на мазут што ОКТА ја произведува во овој момент, ќе иде директно во ТЕЦ Неготино. На тој начин ОКТА не само што ќе си ја исполни својата обврска од 500 илјади тони годишно, што ја потпиша Љубчо Георгиевски, главниот во ВМРО-ДПМНЕ. Не само што ја потврди со анекс сегашниот премиер Груевски, туку ОКТА ќе има и количина над 500 илјади тони, или вкупно во превод, ако работи ТЕЦ Неготино 600 илјади тони годишно ОКТА ќе произведува благодарение на Договорот од 1999 година или новиот договор новогодишен од 31.12.2007 година, потпишан во 16,00 часот. Разликата во цена на еден тон мазут на светската берза и разликата на еден тон мазут што Владата ја признава на ОКТА е преку 100 долари. На 600 илјади мазут пресметајте колку ОКТА профитира со таа количина и со оваа цена, а парите на крај ги плаќаат граѓаните, ние ќе ги платиме, земјоделците ќе ги платат преку набавката на мазут, ќе ги платиме со директните интервенции преку буџет што оди преку ТЕЦ Неготино.

Да ве потсетам дека во 2006 година, многу тазе бевте влада, Трајко Славески потпиша договор за директна спогодба со ОКТА за набавка на мазут во вредност од 20 милиони евра и директно го стави мазутот во ОКТА. Зошто го напрви тоа? Затоа што Владата сакаше повторно да ја воскрсне спогодбата која ја потпиша Георгиевски и ја потврди Никола Груевски, за директен откуп на 500 илјади тони мазут произведен во ОКТА. Сакате уште да зборуваме колку е разликата во цена на нафтените деривати произведени во ОКТА која е на светскиот пазар и колку македонскиот граѓанин повеќе пари дава од својот сиромашен буџет, зошто, за да се алиментираат, да се покријат грчките газди, бидејќи тие мора некој друг да покријат. Така тоа функционира господа пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, со истата матрица која ја направивте во 1990 година, истата матарица сега ја правите со вашиот нов премиер Груевски во 2007 година, на Нова година и после вие ќе зборувате го искоренивме криминалот и корупцијата во Македонија. Убеден сум дека и самите на себе не си верувате, но дека морате тоа да го правите како една обична флоскула соопштена во македонската јавност.

Да не должам, СДСМ ќе ја даде поддршката за сите законски проекти кои ќе ја зацврстат, интензивираат и објективизираат, ќе ја направат вистинска борбата против криминалот и корупцијата. СДСМ и натаму ќе продолжи господа од ВМРО-ДПМНЕ да ви помага во борбата против корупцијата и корупција и за случајот ТЕЦ Неготино каде сите докази ви ги дадовме, за случајот со плацевите доказите ви беа доставени, за случајот со анкетниот лист на директорот на УБК доказите беа доставени, за ОКТА ви ги кажуваме работите. Вие само, господа пратеници, ако сакате да ја возвратите довербата на вашите гласачи, треба да побарате од вашите министри во Владата да си ја вршат својата работа, да инсистирате Јавниот обвинител да ги отвара овие случаи, нека тргне од ОКТА и на крајот да ги оставиме судовите да си ја завршат работата согласно доказите, согласно законите и Уставот на Република Македонија. Ако не го направите тоа Македонија нема да биде правна држава, ќе биде само една обична шминка и дополнителни пари кои вие ги доставивте за кампањите што на крај не знам и зошто постојат. Оној број 199 што го промовиравте, тоа се само обични три бројки. Не ви функционира. Луѓе пријавуваат криминал и корупција, а не се постапува. Крупни работи се кажуваат во јавноста никој не постапува по нив. Ја земавте под ваши ингеренции и претседателката на Антикорупциската комисија која за да го оправда своето постоење и парите што и се даваат од Буџетот на Република Македонија, одлучи да го испитува тендерот во Собранието за мобилни телефони. Јас ќе ја охрабрам, нека го

испита. Ако нешто не е како што треба нека се најдат одговорните и нека се санкционираат, но пред да ги отвори случаите во Парламентот, таа претседателка што ја избрала Собрание ќе треба да се позанимава со ОКТА, со ТЕЦ Неготино, да даде отчет зошто поведува прекршочни постапки против пратеници, а за исти дела тоа не го прави за луѓето во Министерството за внатрешни работи, за министрите и останатите, да даде отчет зошто не постапува согласно законот што има обврска да го почитува. Во таква папаз јамија, колеги, што ја направивте нема борба против криминал и корупција има само криминал и корупција. Во овој момент и последната анкета на ИРИ тоа ви го потврдува. Но најдобрата анкета ќе ја добиете на избори и тогаш ќе ги расчистиме сите овие работи за кои зборуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавија пратениците Ружа Ѓорѓеска, Димеска Катерина, Јован Гинев, Владанка Авировиќ и госпоѓа Анета Стефановска.

Госпоѓа Благородна Дулиќ има процедурално, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Господине претседателе, мислам дека во ова Собрание не се почитува член 87, а вие тоа го дозволувате. Овде е пропишано дека говорникот може да говори само по прашањето што е на дневен ред. Во изминатиот и во сегашниот ден ретко кој минимално се осврна на законскиот текст кој ни е ставен на дневен ред. Се зборува за се и сешто, а не за она што е предмет за расправа и заради тоа и седниците многу долго траат.

Ве молам претседателе да го користите своето право кое господинот Јордановски во минатиот мандат го користеше, да укажувате на дигресија, да ги опоменувате и да им одземате збор на оние пратеници кои не се придржуваат на дневниот ред. Инаку навистина сето ова губи смисла. Овие дискусии што сега се водат и во изминатиот ден се за пратенички прашања. Ако некој случај сметаат пратениците дека заслужува посебно внимание, нека бараат да се стави посебно на дневен ред и да се расправа по тоа, тогаш ќе се подготвиме и ќе дискутираме по тоа. Меѓутоа вака да се користат законите за напад на Влада, за истакнување на одредени случаи за кои тие сметаат дека се со коруптивни елементи, за посочување на конкретни личности за кои немаат никакви податоци а преку говорница се фрла кал врз нив, сметам дека не е во ред и со тоа се уништуда дигнитетот на самото Собрание. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ќе го земам сериозно ова што го велите. Мое е да ви кажам дека мојот поглед на свет е таков дека секој зборува на свој ризик. Мислам дека сите демагогии, сите обвинувања на отсутни луѓе, сите некоректности се враќаат кон авторот. Немој да мислите дека некој може неказнето да прави работи кои се казниви од морален аспект. Мора да се вратат. Според тоа немам грижа, освен кога се работи за флагрантни навреди итн. Но, вашата забелешка ја земам сериозно. Вие сте во право. Во еден построг режим на претседавање на нашите седници, можеби тие седници би биле подобри, но можеби и полоши, не сум сигурен. Сега засега единствен компас кој ме води е мојата проценка. Многу добро ги знам правата.

Да продолжиме сега со репликите.

Повелете госпоѓа Ѓорѓеска вашите три минути.

**Ружа Ѓорѓеска:** Колегата Ивановски за некои работи како да има многу кратко памтење, иако декларативно се изјасни дека тој ќе го поддржи законот за борба против корупцијата, но постојано се повикуваше на тоа дека треба да се исчисти секој во сопствениот двор, па некако како да подзаборави дека токму тие не го исчистија навремето својот двор, па еден нивни премиер си даде оставка токму заради тоа што јавно и гласно кажа дека има корупција во неговата Влада, па многу работи не се расчистија. Кога тие беа на власт зошто тие не ја расчистија работата со ОКТА па сега постојано како расипана лента повторуваат ОКТА, ТЕЦ Неготино и овде ни го одземаат драгоценото време.

За политичкиот реваншизам, за тоа да не говориме затоа што тука ќе отвориме многу работи кои судења токму они ги испровоцираа и сеуште до крај не се завршени и сеуште траат и се заглавени во судските лавиринти, а не сакаат ништо што е позитивно да го истакнат, ниту со Царината случајот, ниту змиското око. Знам дека господинот Ивановски сега ќе најде некој бисер со навреда да се обрати кон мене, како што му е вообичаено и свесна сум за тоа, меѓутоа да го потсетам затоа што многу популистички и демагошки настапува тука, пола час говореше а ништо суштински не кажа, бидејќи сите се повторуваа тоа па тоа а никаква длабочина не видов во таа дискусија единствено, наводно, декларативно дека ќе го поддржат законот за корупција и постојано околу идни анкетни листови бидејќи сметаат дека една лага повторена повеќе пати може да стане вистина, што за жал во овој случај нема да биде така затоа што нашата Влада јасно и гласно се искажа околу борбата против корупцијата, меѓутоа некако голем прогнозер се покажа дека тие кога ќе дошле однапред ќе расчистеле со тие работи. Многу видовит излезе. Имам уште многу да му кажам, но во интерес на времето ќе прекинам. Од сега му кажувам, знам дека некој бисер ќе истресе, но затоа јас ќе станам и нема да го слушам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Ивановски имате контра реплика?

**Игор Ивановски:** Немам.

**Љубиша Георгиевски:** Значи немате.

За реплика три минути се јавува госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе.

Да бидам искрена и не мислев да реплицирам за дискусија која овде во Парламентот беше од претходниот почитуван колега господинот Игор Ивановски во која ни во еден момент не се задржа

за темата и прашањето што го имаме на дневен ред.

Сакам да поставам неколку прашања.

Прво, дали почитуваниот колега, господинот Игор Ивановски се плаши од борбата и заложбите на Владата за спречување на корупцијата и криминалот во Република Македонија. После тоа сакам да прашам дали  не сметате дека донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, вие не треба  да го поддржите. Дали почитуван колега, она што беше во Извештајот на Комисијата, на Европската комисија дека Македонија успешно се справува во борбата со корупцијата и поместувањето од 105-то на 84-то место вие не го признавате од тој Извештај. Ви значи ли тоа нешто, почитуван колега. Тука се произнесовте дека со работењето на изминатава 2007 година направени се некои грешки и дека во 2008 ќе имаме друга ситуација. Во 2008 година кога ќе го имаме на разлгедување Извештајот, тогаш ќе дискутираме како се работело во претходната година, почитуван колега.

И една друга работа што сакам да кажам, вие рековте на крајот дека треба да се направи поделба и разграничување на тоа дека сите политичари се корумпирани. Од тие причини денес го имаме Предлогот на законот и изменувањето на овој закон, кој што со негова имплементација нема да има селективен пристап и точно ќе се види кој од политичарите биле со криминално досие, кои имаат коруптивни дејства, а кои немаат.

Затоа, почитуван колега, како што и сами кажавте, ве повикувам да го поддржиме овој закон и да оставиме Владата и понатаму да си ги тера своите заложби кои што ги има преземено, а граѓаните се тие кои што донесуваат оценка и тоа ќе го потврдат на наредните избори. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Ивановски Игор контра реплика една минута, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Ве молам, повикајте ја колешката Ѓорѓевска, нема потреба од кого да се плаши. Од мене пак најмалку. Но, мислам дека  треба да се плаши и таа и колешката Димеска од вистината. Бидејќи сето она кое што го говорев беше вистинито и поткрепено со факти. Каде е разликата што оваа Влада одлучува да се штити самата себеси кога ќе прави криминал. И, тоа има одреден рок на траење. Тоа можете да го направите една или две години, додека сте на мандат, но следниот месец, после следните избори на кои што ќе изгубите, е тогаш мора многу сериозно да се плашите и вие колешке Димеска и колешката Ѓорѓеска и вашиот градоначалник во Прилеп, за кој што има многу материјал да се говори, ама тоа ќе го правиме друг пат. Е, тогаш треба да се плашите, бидејќи знаете кој се плаши? Тој кој што направил нешто спротивно на законот. Јас ниту сега, ниту утре, ниту во тие години нема да се плашам, бидејќи нема од што да се плашам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Јован Гинев, повелете вие со вашата реплика сега имате три минути.

**Јован Гинев:** Почитуван претседателе, почитуиван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Накратко сакам да го потсетам колегата Ивановски, кој најверојатно има ретроградна амнезија за криминалот и корупцијата во редовите на СДСМ и тоа во највисоките раководни структури. Јас ќе напомнам само неколку. Од владеењето народот во Македонија, во владеењето на СДСМ подразбира индуцирање на корупција и криминал во Република Македонија. Да ве потсетам само на неколку делови од најголемите коруптивни дејанија кои се случија за време на владеењето на СДСМ. Тука беше  Бачило, кој што е расветлен случај. Потоа, тука се резервните делови за тенкови на вашиот лидер на СДСМ екс лидер и тогаш и министер за одбрана, господинот Владо Бучковски.

Второ, за криминалот што го направи министерот за здравство господинот Владо Димов, кој должи за ДДВ 700 илјади евра неплатен данок на државата. Ќе напомнам и криминалната приватизација на  најголемата винарска визба на Балканот “Тиквеш” за време на Владата на премиерот Бучковски, кој му ја подари на тајфунот Свето Јаневски. Крај немаат коруптивните и криминални афери на СДСМ. Тие се многубројни. Вашата Влада навистина ја создаде Антикоруптивната комисија, но таа за вашето владеење не функционираше. И, тогашниот јавен обвинител на Република Македонија Александар Прчевски самиот призна дека тој е последниот будала што се нафатил на една таква висока функција кој е спречен да ја извршува. Денес оваа Влада за прв пат отвори војна против корупцијата и криминалот. Во завршница се голем број на судси разврски во криминалот и корупцијата, некои се во тек, во процедура судска, така што оваа Влада решително се бори против корупцијата и криминалот во Република Македонија и нема од што да се плаши. Таа во овој момент  ги има спречено корупцијата и криминалот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Игор Ивановски една минута контра реплика, повелете.

**Игор Ивановски:** Жалам колега пратеник, но веројатно затоа што сте доктор одлучувате да говорите што ви ги пишува Шамбевски говорите, само ги прочитате, а можеби понатаму ќе пишувате и сами нешто. Не знам каква е таа ретроградна амнезија, а ако ја има таква, тогаш треба да има антиципативна амнезија, ама јас знам за една амнезија. Знам дека вие сте замрзнати  во едно ѕвоно и се плашите да погледнете што се случува надвор од тоа ѕвоно, бидејќи ако проговорите нешто ќе бидете елиминирани од вашата партија. Некој ќе ви рече

многу зборувате, ама затоа господине Гинев кога ќе отидете во Кавадарци, ќе ги слушнете муабетите, прошетајте малку на пазар и ќе чуете што зборуваат Кавадарчани за криминалот на оваа Влада.

На крај, господине Гинев, пошто наредивте многу случаи кои се почнати политички мотивирано, а не се завршени, ако за "Тиквеш" и за останатите нема ништо официјално и судски, дали вас тоа не ве прави господине Гинев соучесник во наводниот криминал за кој што говорите, бидејќи не сте постапиле во наводното разрешување. Вас ве прави лично.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Владанка Авировик повелете со вашите три минути.

**Владанка Авировиќ:** Почитуван претседателе, благодарам.

Почитуван колега, она што го говоревте вие во вашето излагање е се, само не за темата за која што денес зборуваме. Пет члена измена на Законот за корупција и дали ќе го поддржиме и во што е вашето несогласување. На се личеше и овој ваш говор го оценувам како една папазјанија од политиканство од највисок врв.

Прво, да ви кажам дека корупцијата како предмет на разгледување и на работа во Собранието, навистина изискува една анализа која што треба да биде извршена од експерти, од луѓе кои што ја познаваат материјата. Вие во таа материја не знам колку имате знаење, но ова ќе ви го кажам. Рековте во вашето излагање кога ќе дојдете вие на власт, ќе го отворите случајот ОКТА, овој, оној случај и тн. Имавте време 4 години ОКТА да ја отворите. Или немате добар кадар за да ја отворите и да ја затворите или нешто не знаевте да докажевте или криевте.

Второ, го прекинавте договорот со ОКТА и тоа има економски импликации. И, за тоа треба да разговараме. Значи, не сте вие така наивно отустни од случајот ОКТА како што сакате да се прикажете.

Трета работа, Меѓународната заедница го кажа своето мислење за оваа Влада, бидејќи има напредок во борбата против корупцијата и криминалот. Вие ја предадовте власта со највисоко место на Македонија по корупција и криминал од 105 место. За тендери немој да зборувате. Јас ви кажувам отворено, земете ги извештаите од Државниот завод за ревизија. Таму стои како вие ги работевте тендерите и јавните набавки. Вие прво ги плаќавте а потоа објавувавте тендер за јавна набавка. Не го искористивте вашиот обвинител кој беше последниот будала како што сам се нарече, туку случаите си ги чувате во фиока, се дури во вашите редови не си го расчистите тоа, вие не можете да зборувате ниту за криминал, ниту за перење на пари, ниту за корупција. Ние овде не зборуваме директно дали некој пратеник е инволвиран, ние зборуваме за постапки кои што сте требале да ги извршите, а не сте ги извршиле. Со какво морално право сега вие кога ќе дојдете наредниот пат на власт, ќе го отворите случајот ОКТА. Не сте биле способни да го отворите и да го затворите.

Понатаму, вашата анализа не била до крај извршена. Сте го прекинале договорот, а тоа носи економски последици во Република Македонија. И за тоа сте немале доволно анализа. Сега, вие да кажувате дека овде иам криминал, тој криминал треба да го докажеме. Не можете вие само со политиканство овде да спроведувате, без ниеден еклатантен пример, ама кој што ќе биде поддржан и од државниот завод за ревизија и од сите наши институции, а сте биле должни и по Устав и по закон да постапувате, но не сте постапиле. Сега кога сте во опозиција, ги откривате овие случаи, што воопшто не е аргументирано.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Игор Ивановски има контра реплика една минута, повелете.

**Игор Ивановски:** Госпоѓо Авировиќ, не треба да се биде експерт да се види корупција. Па, ова што го правите, вашите министри што го прават, малите дека до 6 години ќе го констатираат, дури незавршени студенти на Правен факултет тоа го знаат. Боже Господе, требало експерт. Па, кога вие само се прогласувате за експерт, тие најмногу ги сакам самопрогласниете експерти, затоа и сме на ова ниво на развој. Госпоѓа Авировиќ, ќе се потсетите дека минатата Влада не ја укина одредбата од договорот, тоа го направи Уставниот суд. Вратете се назад, прочитајте малку повеќе, па дојдете на говорница да зборувате.

На крај, госпоѓо Авировиќ СДСМ почитува Устав, почитува закон. За ОКТА се отворија тработите, Јавното обвинителство доби предмет, тогаш Антикорупциската комисија го отвори случајот и беше започната постапка. Но, знаете што жалам, што тоа не се заврши, бидејќи слепо го почитуваме Уставот и законите. И, сега однапред да ви ветам, не само што ќе го отвориме случајот ОКТА како идна Влада, туку госпоѓо Авировиќ тој случај и ќе го затвориме. Тоа нема да ви се допадне, бидејќи таму ќе видите многу министри што ќе се најдат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Анета Стефановска имате вие реплика од 3 минути.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Господине Игор Ивановски, вие како продолжена рака на Бранко Црвенковски, постојано подучуван ќе се качите на горниот кат ќе ви каже што да кажете, па ќе слезете ќе кажете. Во минус салдо сте со поени пред граѓаните. Треба да се плашите, вие лично. Зошто? Заради следните случаи кои ќе ги напоменам сега, а ако сакате и ќе ги аргументирам и други кои што скоро ќе излезат, а ќе се чуди народот и со вас и со вашата постава и со вас лично. Тоа се Националниот парк Пелистер, кој што почна да се одмотува и ќе се чуди народот со вашата структура господине Ивор Ивановски. Со ред битола, за вашиот генерален директор на Рударско-енергетскиот

кобинат Битола, Љутовски, Никола Цветковски и Шиклевски кои што направија пет кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување. А, сега ќе ве повикам вас заедно со вашиот колега пратеник Никола Поповски, дали ви е позната ВИН-МАК фирмата. Ако не ви е позната јас ќе ви кажам што им зад неа и како сте вие инволвирани со сето тоа.

Господине Игор Ивановски да престанете со вашиот стул на искажување тука, бидејќи јас во иста мера од сега натаму ќе ви вратам, за да видите точно, но аргументирано, не неаргументирано, бидејќи вие цело време празни зборови искажувате и ништо друго. Но да знаете, пак ви укажувам во минус салдо сте пред граѓаните. Воопшто ниту имате некакви познавања, ниту потковано зборувате, ниту имате што да кажете. За ТЕЦ Неготино немате што да кажете. За ОКТА немате ништо што да кажете. Имавте можност да докажете, господине Игор Ивановски . Крајниот епилог вие лично ќе го видите, посебно вие имате што да се плашите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Игор Ивановски, контра реплика.

**Игор Ивановски:** Има некои работи и не знае човек дали да ги коментира сериозно или да се смее. Но, ајде ќе го направам ова првото.

Госпоѓо Стефановска, вие живеете во Битола, РЕК Битола 12 месеци намерно паѓа со дефекти што се прават внатре и намерно не се санираат за да некој но тоа ќе го зборуваме друг пат купува или увезува струја платена шест пати повеќе од таа произведена во Република Македонија. И, тоа нее криминал. Па и вие прошетајте, како онаа рекламата на А1 на Широк окак, па ќе видите што ќе ви кажат Битолчани и Битолчанки за тоа, госпоѓо Стефановска што прави вашата Влада. И, ве молам претседателе, викајте го Шамбевски нека не ишува веќе говори и нека не им ги дава на колегите, подобро е да кажуваат можеби нешто попаметно и посериозно ќе кажат, отколку да прочитаат.

Затоа, госпоѓо Стефановска, кога веќе имате обврска да прочитате нешто што ви го напишале, читајте многу подобро, многу попаметно, а за криминалот кој што го прават Битолочани во органите на државната управа и за вашиот градоначалник госпоѓо Стефановска, веројатно некој ќе ве викне за сведок. Тогаш ќе можете да кажете што се случило.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега, завршивме со циклусот реплики.

Има збор господин Борис Кондарко, повелете.

**Борид Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван претставник на Владата, зменик министре, почитувани пратеници.

По повод оваа дискусија за измените на Законот за спречување на корупција, пратениците кои ја поддржуваат власта и самата Влада преку министерот за правда кој сега е заменет од неговиот заменик на седницава, забораваат упорно во континуитет дека овој закон, пред се, донесува за нив односно за власта. Затоа што власта е таа што о логика на нештата е изложена на потенцијална и реална корупција. Затоа што власта е таа, пред се, извршната власт, тука не мислам секако на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, затоа што јас не можам да тврдам дека не знам силвана Бонева, Влатко Ѓорчев, Александар Николовски или да не набројувам, се корумпирани. Јас такво нешто не сум чу. Не сум чул дека учествувале во некој корупциски скандал, дека потпишале некој договор, дека направиле некој нетранспарентен тендер, дека употребиле државни пари и тн. Значи, исто така како што на сакам да штитам никогом, ниту од минатото, ниту од опозицијата ако реално се докаже во постапка во која што не секршат човековите права, ако се изведат докази, а не со етикетирање и со политички заплачувања и притисоци дека секој треба да одговара, до колку навистина има основ за такво неШто. Меѓутоа, тоа од минатото е минато и тие работи до олку постојат треба да си течат, да се откриваат и да не се задскриваат. Меѓутоа, тоа е помалиот дел на проблемот. Поголемиот дел на проблемот е, повторно ќе кажам, тоа што заборавате дека власта расипува и заборавате на моменти, што е уште потрегично кој е на власт. Не е сега СДСМ на власт. Значи, овој закон не се однесува за опозицијата, овој закон се однесува за власта. Меѓутоа, јас не гледам дека власта го применува овој закон подеднакво, неселективно и непристрасно. Напротив, власта со овој закон, посебно и со измените на овој закон настојува да врши етикетирања, политички притисоци, страв и заплашување.

Кој ја спречуваше Владата и до сега да го применува Законот, одредбите на Законот за спречување на корупција онаков каков што е. Никој. Исто така, никој не ја спречуваше Владата да покаже со прст ниту антикорупцвиската комисија, ниту Управата за јавни приходи кон двоите функционери од ВМРОДПМНЕ од извршната власт. Опозицијзта не прави тендери, не склучува штетни договори. Опозицијата е опозиција. Опозицијата не е на власт, ВМРО-ДПМНЕ е на власт. Затоа што ги имате заборавено, затоа што така ви одговара, ги имате заборавено и ги имате измешано улогите. Значи, повеќе во Република Македонија ВМРО не држи партиски прес конференции да ја обвинува СДСМ за тендери и за јавни набавки.

Зошто? Затоа што не можат самите да се обвинат затоа што СДСМ не е на власт. Сега тендерите и јавните набавки ги прави владеачката партија, функционерите на ВМРО ДПМНЕ. Еден од нив потпретседател на Влада дури доби таков надимак, се збори низ чаршијата, мистер тендер.

Значи, немојте ве молам вие да зборувате за тендери за јавни набавки. Кој и зошто го смени Законот за јавни набавки? Кој ја зголеми границата од три на 5 илјади евра за непосредни спогодби да не мора да се распишува тендер. И

со десетици и стотици такви не дека ќе се перат, туку ќе се млатат пари. Тоа се прави. Заборавате на рекламните кампањи како се направени со тендер или без тендер. Беше спомнувана ОКТА неколку пати и тогаш 1999 - 2000-та година скандалозно под патронат на ВМРО ДПМНЕ и под патронат на сегашниот премиер, а тогашен министер на ВМРО ДПМНЕ за трговија или финансии не знам за што беше, пратениците го гласаа договорот за продажба на ОКТА без да го видат, без да имаат нешто - гласаа. Тоа беше не виден преседан во историјата на работата на Македонскиот парламент. Да гласаш нешто за што не го гледаш и кое не постои. Која е таа одговорност, која е таа смелост.

Сега, како и тогаш што се избегнуваше расправата за ОКТА и сега 6 месеци страв и е на оваа Влада да се отвори парламентарна дебата за ОКТА, напротив, а не и е срам на 31.12.2007 година да потпишува договор каде на еден од националните провладини медиуми првата вест беше оваа Влада го намали долгот кон ОКТА по пресудата за штетниот договор од 1999 година за што Груевски е одговорен кога беше министер и за што даде амин и оваа Влада го намали договорот од 90 милиони долари на 50 милиони долари. Што правиме со тие 50 преостанати милиони долари? Дали државата што треба да ги плаќа од граѓаните некој ќе одговара? За жал или за среќа на некого правдата е спора, но секогаш стигнува, а вистината секогаш се открива.

Не може да останат, според веста на тој национален провладин медиум само 50, демек 50 милиони долари не се ништо, па некој треба да одговара и за тие 50. Ако не одговара за 90 милиони ќе одговара за 50 милиони. Не може потпретседателот на Владата Ставрески со својот потпис ниту да ја замаскира одговорноста на Груевски, ниту да му ја испере совеста. Напротив, и тој со својот потпис сега заглавува во истиот кош.

Размислете добро која е корисноста на политиката на Владата и каде води оваа политика и дали е тоа на штета на граѓаните на Република Македонија.

Дали на ВМРО ДПМНЕ, според сегашниот не изменет закон, па и според изменетиот откако ќе ги усвоите измените, му фалело нешто, дали одговарал, дали бил прозван од Антикорупциската комисија, од Управата за јавни приходи, од Ревизијата, сега имате нов директор на Државната ревизија.

Дали во овој Парламент, дали во оваа држава, дали институциите на државата кои треба да ја заштитат државата од злоупотребите на власта се изјасниле или кренале глас против криминалот на оваа Влада? Тоа се ЕЛЕМ, како што е ОКТА ја кажавме, како што е ТЕЦ Неготино, како што е државното земјиште, хотелската, како што се становите, како што се акцизите.

Ќе заборавев за акцизите. Дали знаете, почитувани пратеници, дека од пред 4-5 месеци заглавен во собраниската процедура, од неспособноста на менаџирање на мнозинството на ова Собрание кое Владата, патем речено сака да го прикаже како жртва, како неспособно за да Владата биде поуспешна, постои еден закон за акцизи, за измени на Законот за акцизи предложен од оваа Влада, од министерот за финансии, каде оваа Влада сака да ги укине бандеролите за цигарите. Знаете што значи тоа? Шверц. Отворање на голема врата на шверц со цигари или легализирање на шверцот со цигари. Зошто не ја забрзате процедурата, па да проговориме и јавноста да види дека сакате со Законот за акцизи да ги укинете бандеролите за цигарите. Не знам, веројатно ќе дојде и тоа на дневен ред, меѓутоа, ќе дојде на дневен ред на Собрание. Не сум сигурен со политичкиот притисок на оваа Влада над институциите на државата кои треба да ја штитат државата и да го спроведуваат Уставот и да се борат против корупцијата, што ќе значи во борбата против корупцијата и дали тие институции, согласно Уставот и законот и нивните надлежности ќе проговорат и ќе го постават прашањето на оваа Влада и на премиерот и на министерот за финансии зошто предлага да се укинат бандеролите за цигарите и зошто сака да го стимулира шверцот со цигари.

Господа од оваа Влада на ВМРО ДПМНЕ, вие наместо презунцијата на невиност и почитувањето на човековите права и слободи, почитувањето на законие вие воведовте еден друг принцип. Бидејќи некој друг вие постојано обвинувате, цитирате и посочувате со прст, невиниот треба да се докажува дека е невин, а државата не да ја докажува вината, напротив, само политички памфлети да лепи и да се пресметува со политичките противници.

Таков е случајот на пример со нашиот колега и пратеник Јани Макрадули. Што има Јани Макрадули да докажува кога државата не сака да ги искористи своите инструменти и тоа законски не само права, туку и обврски уставни и законски да испита одредени криминални, коруптивни случаи на високи функционери носители на функции од оваа власт. Па не е ниту СДСМ ниту Јани Макрадули, ние немаме партиски антикорупциски комисии, парадржавни институции како што тоа кога беше опозиција го имаше ВМРО ДПМНЕ. Зошто тоа го нема сега. Каде им е сега? Се укина? Згасна? Се распушти антикорупциската, партиската, или немаат кого да обвинат? Не мора Антикорупциската, нека излезат на еден прес како што тоа го правеа кога беа опозиција и нека обвинат за да им веруваме. Така се гради довербата и така ние ќе ви помогнеме како опозиција во борбата против корупцијата. Напротив, не штитиме никого, само бараме под еднакво да се применува Законот и да се почитуваат процедурите, законите, и човековите права.

Значи, го применувате принципот не кој го подметна пожарот, туку виновен е оној кој го пријавил пожарот. Тоа е во случајот со членовите

на СДСМ, со шефот на пратеничката група на СДСМ.

Кога СДСМ излегува со обвинувања за криминал и корупција на оваа Влада, тогаш излегуваат таканаречените независни институции, така наречените непристрасни и неселективни применувачи на Уставот и на законите и викаат дека опозицијата го зборува тоа само за да се заштити себе  затоа што се плаши од борбата против корупцијата. Не. Владата излегува со такви изговори за да се заштити себе си затоа што не сме ние слепи, нема никого оваа Влада обвинето освен цариници за пет евра, освен змиски очи некои инкасатори за сериозен криминал и корупција. Каде се крупните риби? Велиме дека во Република Македонија имало мафија. Па каде е мафијата? Мафијата, по дефиниција, е врзана, има потпори од власта, нема од опозицијата. Опозицијата нема моќ. Која ви е таа логика? Кого вие ќе гоните. Некој кажа дека тоа е лов на вештерки, за да се замачкаат очите од вистинските криминали и за да се задскријат главните протагонисти на криминалот што седат во извршната власт на ВМРО ДПМНЕ.

Министерот за правда не е тука, беше спомнувам повеќе пати, многу е чудно, што пред да реши да се активира политички, да стане министер, да добие висока државна политичка функција, беше прв човек на една невладина организација која треба да ги применува законите под еднакво за сите и да открива криминал и корупција. Тоа е Антикорупциската комисија. Сега наеднаш после заслугите во Антикорупциската комисија кога се бореше неселективно против тогашната власт наеднаш испадна дека бил политички определен и политички активен инаку, не знам така не се станувало министер без заслуги кај Груевски, без партиска лојалност и без завршување на некои работи за кои треба политички да се оддолжите некому, па сте му дале функција министер. Сега сакате ние да ви веруваме дека вие непристрасно ја водите борбата против корупцијата со такви кадри? Јас не можам ништо лошо да кажам и не навлегувам да ги коментирам личните особини или стручните карактеристики на министерот, меѓутоа, се работи за принцип. Вие овде ни мачкате очи дека најнепристрасниот сега наеднаш станува политички определен. Па, како тој непристрасно тогаш кога бил антикорупционер ја водел борбата против корупцијата пристрасно или непристрасно? Или тогаш бил пристрасен кога му одговара ќе биде непристрасен и ќе биде министер. Тоа не е во ред.

Понатаму, зошто истиот тој министер кога СДСМ предлагаше, кога и самата Влада и премиерот се залагаше со измените на Законот за спречување на корупција да биде ова тело со професионален статус, неговите членови да бидат професионалци за да повеќе веруваат граѓаните во непристрасноста. Зошто на два дена пред донесувањето на Законот овде во Собранието министерот го смени мислењето? Така ли ќе градиме независни, професионални институции? Испаѓа дека нема интерес оваа Влада од независни, самостојни и непристрасни институции и затоа го спречи доделувањето на професионален статус на членовите на Антикорупциската комисија, инаку не знам која е другата позадина.

На крајот, што остана од институциите во Република Македонија? Имате партизирано по партиски клуч избран јавен обвинител, Државен ревизор исто така, Антикорупциската ви е продолжена рака, Управа за јавни приходи знаеме која е врската и од сега до 2006 година имаше непотизам, имаше судир на инереси, имаше концентарција на моќ, сега во Република Македонија тоа исчезна. Или можеби мислите дека исчезна и корупцијата преку ноќ со доаѓањето на ВМРО ДПМНЕ на власт? За жал, не е така.

Затоа треба да размислите сериозно како мислите и со овие измени и без овие измени, без разлика што имаме амандмани, забелешки, дискутиравме конкретно по членовите на Законот. Која ви е целта и како мислите понатаму да го спроведувате овој закон за спречување на корупцијата? Тоа не е проблем СДСМ да ја даде поддршката, да го даде гласот и зеленото светло. Проблемот е што СДСМ не го спроведува овој закон за среќа или несреќа на ВМРО ДПМНЕ. Одговорноста е на ВМРО ДПМНЕ. Значи, за да имате подеднаков аршин, за да имате доверба и кај опозицијата и кај граѓаните, за да опозицијата исто така ви помогне во оваа борба против криминалот ќе мора самите себе прво да си ги посочите вашите функционери кои се одговорни и навистина да имате подеднаков принцип, а не со овој закон да манипулирате дека наводно вие сте спасителите, вие сте патриотите, вие сте чесните и тн. итн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплики се господинот Миле Пачемски и господинот Панче Дамески, дали сум во право?

Повелете господине Пачемски вашите три минути.

**Миле Пачемски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Кондарко, не се сомневам дека имате сериозни и чесни намери да се справите и вие и ние со ова општествено зло, кое во изминатите години и те како го наруши имиџот на Република Македонија.

Меѓутоа, кога зборуваме за пратеник или за политичар сепак постојат некои морални принципи кои мораме да ги почитуваме и кои мораме да ги негуваме во иднина. Зошто ова го зборувам?

Затоа што вие господине Кондарко бевте пратеник и во минатиот состав и сега сте, ако не се лажам, во вториот ред во Парламентот. Тогаш од оваа говорница од еден ваш премиер беа искажани зборовите дека се повлекува односно си поднесува оставка од функцијата премиер на оваа држава, на Република Македонија затоа што не може да се справи со корупцијата што ги

зафатила сите сегменти на власта. Вие овде седевте во Парламентот, а вашиот гласан премиер тогаш си поднесе оставка.

Што сакам да кажам со тоа? Дека кога зборуваме за корупција ниту вие преку вашата СДСМ ниту пак јас преку мојата ВМРО ДПМНЕ не можеме да зборуваме дали во една држава има корупција или нема. Дали таа е голема или мала. Сепак постојат некои меѓународни институции кои одлучуваат за таа работа и кои ни даваат оцена. Една таква институција е Транспаренс интернешнел која одлучи односно која го кажа нејзиното мислење за 2007 година дека Македонија на тоа поле напредува. Имено, во времето кога бевте вие пратеник знаете дека подолго време државата беше рангирана на 105-то место по корупција од вкупно 172 држави во светот. Знаете дека со доаѓањето на власт на оваа Влада овој степен на корупција се подобри така што Република Македонија беше рангирана од 105-то на 86-то место. Тоа е скок за 21 место на оваа ранг листа на земји според оценката на корупцијата.

Ова место што сега го зазема Република Македонија е сепак високо место и јас се надевам дека во иднина и вие и ние ќе работиме на подобрување на сите законски регулативи за што е можно подобро да се котираме и во идните оцени преку Транспарент интернешнел.

Она што зборувате дека овој закон е за власта, дека се крои за власта. Не. Овој закон се крои за сите граѓани на Република Македонија. Она што рековте вие господине Кондарко за ОКТА навистина некои пратеници во изминатиот состав го донесоа Законот за продажба на ОКТА, меѓутоа некој друг го прекина договорот и не го почитуваше договорот и затоа се овие пенали што ги плаќаме во милиони долари или милиони евра. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Борис Кондарко контра реплика, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Пачемски прво за ОКТА кратко. Некој го прекина договорот затоа што имал уставна обврска да ги штити интересите на државата, затоа што бил штетен. Бил штетен затоа што вашиот сегашен премиер, а тогашен министер го склучил штетен. Кој е виновен сега?

Втора работа, оставете ги нашите премиери, гледајте си го вашиот премиер. Вие сте сега на власт. Ако сака да следи такви примери и овој премиер нека си поднесе оставка, не значи дека ако молчи или ако ја крие корупцијата дека нема корупција.

На крајот, беше кажано во еден од говорите од опозицијата дека 50% на анкетата е НДИ мислат дека борбата против корупцијата е политички мотивирана. Јас ќе кажам уште еднаш дека анкетата на НДИ е во ред, а НДИ не е било кој, дека 33% од граѓаните на Република Македонија сметаат дека државата оди во лош правец. Зошто? Заради СДСМ или заради вашата Влада. Тоа е поголем процент од оние кои, за жал, сметаат дека оди во добар правец. Тоа еповрзано со корупцијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам господине претседателе.

На господинот Кондарко ќе му реплицирам само во еден сегмент. Можеби јас очекував тој да зборува за повеќе сегменти на корупцијата, меѓутоа, господине Кондарко не очекував од вас да зборувате за шверцот со цигари, бидејќи тоа е врв на хипокризијата во СДСМ и врв на лицемерието.

Каде беше вашата грижа господине Кондарко за шверцот на цигари кога вие бевте пратеник додека вие бевте на власт? Каде беше вашата грижа господине Кондарко за проблемите со Тутунскиот комбинат Прилеп кој е најголема жртва на шверцот со цигари кој го организиравте вие со вашата партија и со вашите поставени директори. Вашите директори само за една неполна година го оштетија тутунскиот комбинат Прилеп со шверц со цигари за 20 милиони евра.

За нив, за разлика од вас, се надевам дека ќе имаме судска завршница по обвиненијата кои ги поднесовме ние.

Што се однесува до бандеролите за извозните цигари, Владата предложи да се укинат бандеролите пред се, за да се намали шверцот за кој вие зборувавте и да се стимулираат тутунските комбинати што повеќе да извезуваат цигари во соседните земји.

Суштината за измените на Законот за акцизи е да се спречи цигарите кои треба да се извезат да завршат на домашниот пазар, без за нив да биде платена акциза. Затоа за да не се случи цигарите да останат во земјата и да завршат на домашните пазари без да биде платена давачката, Владата предложи да се укинат овие бандероли. Сега земјите увозници на нашите цигари ќе доставуваат бандероли за цигарите што кои ќе ги увезуваат.

Директивните исто така, господине Кондарко, ако не сте знаеле, на Европската унија не предвидуваат користење на извозни бандероли, бидејќи таму земјите извозници на цигари ги доставуваат бандеролите во земјите извознички. Тоа значи дека нема потреба домицилната држава, земјата извозник од каде се извезуваат цигарите да издадат бандероли за нив. Значи, господине Кондарко ова е една од мерките за спречување на шверцот на цигари, а не како што го тврдевте вие обратното дека со ова ќе се стимулира шверцот на цигари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Борис Кондарко, вашата контра реплика една минута, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

За тоа што го говоревте за Прилеп јас не гледам дека нешто е докажано таму и дека криминалот е откриен, или дека постоел. Постапката е едно. Значи, мислите вие дека со бандероли ќе биде поголем или помал шверцот на цигари. Вие треба да бидете подобри, треба да бидете почесни, нели.

Зошто ги укинувате бандеролите. Укинувањето на бандероли стимулира, асоцира на шверц со цигари, на зголемен шверц со цигари или на заштита од шверц на цигари. Вие го правите обратното. Немојте да ве зачуди утре и на скопските пазари ако најдеме цигари со афрички бандероли, можеби. Затоа ви велам, вие директно ќе стимулирате шверц со цигари. Почекајте, ќе расправаме, тој закон ќе дојде во Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Претседателе, ако сакате да ми дадете збор ќе бидам краток.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, ако бидете кратки, за две три минути не е проблем, мислам не е проблем, па после ќе дадеме пауза за ручек.

Нема никој против за две три минути, или пет минути ако ја пролонгираме паузата.

Има збор господинот Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам господине претседателе.

Најпрвин да го изразам своето незадоволство што творецот на овие измени на законот, не е тука. Требаше пратениците и македонската јавност да ги слушне бисерите што тој ги кажа на Комисијата за политички систем, дека мотивот за вакво решение е неправилната и криминална приватизација, со што всушност тој заговараше нова национализација и експропријација што дефакто ги има со овие решенија и ние ќе избегаме, заглавени во лавиринтот на криминалот на власта, од решението кое ни се нуди, кое стимулира диктатура во оваа држава. Почнаа дел од пратениците и говореа овде, да спомнуваат имиња со што само ја потврдија тезата дека постојат списоци што ги прави ВМРО-ДПМНЕ. Слушнавме за Тиквеш, слушнавме, не знам, на Националниот парк во Пелистер, слушнавме за РЕК Битола поименично, што е скандалозно, што ќе му дадете право на естаблишментот на ВМРО-ДПМНЕ на основ на фамилијата да даде задача на овие кутри пратеници, секој да посочи десет или петнаесет успешни луѓе во нивната општина кои не сакаат да донираат односно да бидат рекетирани од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа ќе го направи Управата за јавни приходи. Оваа скандалозна седница треба да престане додека не дојде идниот творец да објасни каде најде вакво решение, каде што говореше колегата Кондарко. Закана со казна има од една до три години, ако некој не пријави, а што правиме со овој директор на Управата на тајната полиција што не пријавил? Тој не е ни прекршочно казнет, а овде на обичните граѓани или условно речено на оние кои според вас не смеат во ова време на популизам или во време на капитализам во поинакви рамки да бидат успешни, ќе им наметнете решенија што дефакто ќе ја загрозат демократијата и функционирањето на правната држава во Република Македонија.

Затоа јас би сакал во продолжението, не овој заменик министер кој не е виновен, да биде овде, да дојде идниот творец на ова решение и да отвориме една суштествена расправа, во што ја туркате Република Македонија со вакви решенија.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Бучковски.

Со оглед на времето, објавувам прекин од еден час, за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза за ручек е дадена во 14,02 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот)

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа.

Има збор господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, ние сме само четворица присутни на пленарната седница, заедно со потпретседателот пет и ова е големо чудо. Се прашувам каде се другите пратеници од парламентарното мнозинство. Како и да е, јас ќе го кажам моето мислење околу овој закон за спречување на корупцијата и моите оценки верувам дека и граѓаните ќе ги сослушаат, а тука е и претставникот на Владата, односно заменикот министер за правда.

Денес и претходните денови расправаме во врска со законот за спречување на корупцијата, кој мислам дека треба да се донесе и според мое мислење тоа треба да биде закон кој ќе содржи членови што ќе бидат многу ригорозни, ригидни отколку што е овој закон во однос на овие измени и дополнувања околу овој закон.

Мислам дека граѓаните на Република Македонија, врз основа на анкетите направени од разни невладини организации, домашни и надворешни, содржат негативни оценки врз основа на тоа како функционираат државните институции, односно институциите на Република Македонија. Како уште од плурализмот од 1990 година наваму во Република Македонија нашето општество се соочува со разни корупциски афери, афери кои немаат последици за тие кои ги извршуваат или за актерите во постапките се непосредно инволвирани во разни корупциски афери и не се изнаоѓа ниту начин ниту форма, уште помалку методологија со која државните институции, посебно носителите на државни функции, почнувајќи од Владата во вертикала до локалната самоуправа не може да изнајдат начин или модел, начин со кој ќе се спречи оваа појава во голем процент, затоа што земено во целина уште од создавањето на човечкото општество до

денешен ден нема ниту една идеална држава каде навистина до крај не може да се искорени корупцијата и разните криминални дејности. Врз основа на разни анкети направени од страна на ИРИ и врз основа на информациите кои ги поседуваме, јасно се гледа дека граѓаните на Република Македонија или 1/4 лицата врз кое е направено испитување малку имаат верба дека ќе може да се искорени оваа негативна општествена појава како што е корупцијата и другите криминални дејанија во Република Македонија.

Анализирајќи го поднесениот закон, ги забележав членовите кои се предложени во измените и дополнувањата на законот и во елаборацијата на последниот дел на овој закон, каде се предвидува во Управата за јавни приходи доколку некој изврши некое корупциско дејание и не го пријави тоа во Управата за јавни приходи, тогаш Управата ќе го принуди тоа лице да плати 70% од вредноста како еден вид на данок. Тогаш само по себе се поставува прашање како може институционално и законски како законска рамка ова прашање на овој начин да се дефинира и уреди, доколку ние знаеме и надлежните органи на државата констатираат дека има корупција и се дозволува да плати еден данок врз стекнатиот имот на незаконски и нелегитимен начин, но да плати само 70%, за мене е дискутабилно ова прашање. Мислам дека е либерално ова во оваа насока. Од 1990 година наваму, не случајно спомнав, имаме девијантни појави во оваа насока, посебно пораст на корупцијата, посебно што оваа Влада се бори против корупцијата. И покрај тоа, корупцијата особено кај носителите на јавни функции, политички и државни, тие најмногу се преокупирани со овие дејанија. Верувајте ми, кај граѓаните на Република Македонија е создадена убеденост и верување дека секој кој е носител на јавна функција, назначен или избран на функција, тој оди на таа функција за да се збогати, оди заради лични придобивки. Верувајте, оваа констатација кај еден дел од нашите граѓани не е за да се негира, не е за да се отфрли овој став, бидејќи сега веќе нивната психолошка перцепција кај луѓето кои постапувале на овој начин е многу реална. Се чудам дека треба да биде дециден законот и Владата треба да ја има предвид оваа компонента дека доколку се утврди или еден функционер кој има доход од 40-50 илјади денари се збогатил за еден мандат со 50 илјади, 100 илјади или 200 илјади евра, на крајот државата да не преземе мерки кон овие лица, но само ако не го плати данокот на имотот кој го стекнал на незаконски начин, тој ќе биде принуден да плати 70% од вредноста на имотот и тогаш навистина има простор да се постапува понатаму, елементи на човечкото општество или носителите на функциите кои се занимаваат со корупција и кои постапуваат на незаконски или против законски начин.

Го поставувам следново прашање. Мислам дека требаше Владата на Република Македонија, било која влада од минатите до денешната Влада, но секогаш последната влада го има најголемиот товар, бидејќи така го доби мандатот од граѓаните за да владее со државата, треба да има еден преглед од 1990 година наваму како доаѓале луѓе кои живееле со плати, месечни плати на еден среден слој на граѓани и за една ноќ се збогатиле, можеби се и политички фактори, и општествени и економски, во Република Македонија. треба да имаме еден преглед, да се вратиме назад и да ги дефинираме и надминеме сите криминални и корупциски дејанија.

Беа превземени неколку мерки од Владата за отстранување на овие корупциски и криминални дејанија, посебно операцијата “Змиско око”, при што многу вработени на наплатните рампи беа приведени. Можеби ова е позитивен чекор на Владата, но исто така приведувањето на многу царински работници и полицајци на граничните премини, кои можеби по пет евра, 100 денари или 50 денари зеле од граѓаните исто така треба да се отстранат, се подразбира, но никако не се изнајде модел или формулата од каде доаѓа тој вертикален синџир од врвот до долу како едно корупциско и криминално дејание. Народоте вели “Рибата смрди од главата а не од опашката”, а на овој начин надминување и откривање на лица носители на функции кои се занимаваат со корупција и криминални дејанија до ден денес не се изведени пред правдата. Што е уште потрагично, секогаш треба да се има предвид дек како пример за нашите граѓани, сите кои живеат во Република Македонија, треба да биде Владата.

Се спомна, ќе го спомнам и јас случајот на ОКТА. Се знае колку требаше да се плати отштетата на ОКТА од страна на Владата на Република Македонија со сите камати. Како дојде до помирувањето на компанијата ОКТА за да не се обештети и да се согласи со една спогодба, која за мене е сомнителна, и за сите граѓаните на Република Македонија, ОКТА да има спогодба со Владата и понатаму да постапува како што постапувала до сега, да стопанисува со нафтените деривати. И овде според сите анализи на лица кои се занимаваат со овие прашања од оваа природа, разни аналитичари, се верува дека се говори под сенка, под превезот на една спогодба која не е сосема јасна и на еден начин, условно речено, можеби овде има и корупциски елементи.

Како што реков претходно, од 1990 година наваму за да бидеме со бел образ и да изнесеме на светлина многу други нешта треба некои случаи корупциски и криминални од минатото, кои се актуелни и ден денес, како што реков прептходно за ОКТА и за приватизацијата на Скопската рафинерија во текот на мандатот на Љубчо Георгиевски, приватизацијата на ОКТА и ден денес не е ставена на дневен ред, за да ги расчистиме работите и парламентарното мнозинство за да се оправда, за да се оправда и опозицијата во својата дејност и обвиненијата кон оваа приватизација. Кога гледаме од сосема друга ретроспектива, кога некои случаи се држат во фиоки, каков што е последниот случај што го спомнав, а се следат некои други случаи кои се

многу помали од овој случај кој го спомнав, тогаш се поставува прашање доколку државата постапува на овој начин и не го почитува законот и Уставот, тогаш како ќе постапуваме и како ќе се постапува кон тие кои во иднина ќе преземат вакви мерки во оваа насока. За случајот на ОКТА треба да се знаат причините зошто дојде до приватизацијата на ОКТА, а инволвираните актери последиците од приватизацијата еднаш засекогаш случајот на Скопската рафинерија односно на ОКТА да се отстрани од дневен ред. Ние можеме да донесеме различни закони за спречување на корупцијата и разните криминални дејанија, но треба некој да ги спроведе истите, а за спроведувањето сме ние најповикани како носители на државни функции, назначени функционери и на овој начин мислам дека треба голема одлучност од страна на Владата, со што навистина се проследуваат сериозни сигнали од сите тие кои се занимаваат со овие и слични прашања, имаме разни случаи каде и од страна на опозицијата има забелешки и сугестии, но и од страна на Владата и парламентарното мнозинство кои во 90-те години биле пратеници или директори на јавно претпријатие, немале ниту стан, а стекнале по 2-3 стана, 2-3 возила, имаат разни бенефиции и денес ние говориме за закон со кој се залагаме да ја спречиме корупцијата. Без да се почитува законот, немојте да очекувате да го почитува некој надвор од нас, односно во вертикала надолу. Многу закони можеме да донесеме во оваа насока, но никогаш нема да се спроведат се додека не се создаде еден здрав менталитет и сериозен однос на одговорните институции кои ја имаат таа обврска и должност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Незири.

Збор има господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседател.

Јас ќе се обидам да кажам неколку зборови во однос на оваа измена на законот за спречување на корупцијата. Повеќе од вистина е дека во нашето општество во Република Македонија постоел овој феномен во разни периоди, феномен кој што многу аналитичари го нарекуваат и рак на развојот, прогресот и напредокот на едно општество и повеќе од вистина е дека овој феномен го спречува развојот на една држава, развојот на институциите во истата. Слободно можам да кажам дека лично како претставник на политичка партија се гордеам што го носиме силниот амблем на силната борба против корупцијата и доколку направиме статистички анализи од 90-те години наваму, доколку една година од сите овие години на демократски развој Македонија имала помалку корупција, тоа е годината 2007, при што на прагматичен и практичен начин се објави војна против оваа појава и чекор по чекор се отпочна со директни удари во разните пори во кои паразитираше и функционираше корупцијата. Доаѓам од градот Тетово, знам како функционирале порано многу институции во Тетово. Во самата полиција во Тетово самите граѓани на Тетово за издавање лични исправи морале секогаш да даваат по 50 евра мито. Во болницата во Тетово вриеше корупцијата пред 2007 година, никој не правеше никаква услуга без да ги погоди граѓаните по џебот со мито и корупција. Многу добро знаат сите наши сограѓани или соземјани кои што живеат во Европа дека секогаш кога доаѓале на царинските пунктови биле тешко погодени од мито и корупција. Веќе трет пат доаѓаат и на многу брз начин ги завршуваат процедурите и не се соочуваат со корупција и мито, напротив, на флексибилен начин се вршат услугите кон нив, го преминуваат граничниот премин, а порано не било вака. Порано секогаш се соочувале со мито и корупција и секој кој што ја преминувал граничната точка во Куманово бил принуден да дава мито и корупција на царинските службеници. Имаме и потешки случаи, случаи на приватизација, приватизација која се одвиваше во одредени периоди во Република Македонија кај преобразбата на општествениот капитал во приватен капитал. Тоа било преплавено со корупција и дегенерирано со неправилна и некоректна политика, каде што се фаворизирале одредени лица да ги добијат стопанските гиганти и ресурсите и на овој начин да се создаде една структура на луѓе која новинарите и аналитичарите ја нарекуваат “олигархија”, олигархија на стопанската преобразба, која олигархија владее со стопанството овие денови. Овие луѓе имале способност и енергија секогаш да ги погодуваат администрацијата, судството или разните значајни сегменти во државата, со тоа што ќе ги купат и плаќаат само за свои лични интереси.

Оваа Влада, со овие измени и со спроведувањето на Законот за антикорупција, секој кој врши корупција, тоа е недозволиво и имаат јасни сигнали сите оние кои се обидуваат да вршат корупција, да не се ориентираат кон овој пат, затоа што ќе се соочат со законот и е претрпат...

Корупцијата е рак рана на развојот на едно општество. Корупцијата произведува и еден друг негативен феномен, а тоа е криминалноста, Корумпирано општество, корумпирани институции, корумпирана држава, после се заснова и делува врз основа на криминал. Криминалците се газдите на таа држава. Криминалитетот е дегенерација на едно општество, каде што на разни начини се демонстрира и се рушат всушност институциите.

На тој начин има и злоупотреби од високи размери што не сака никој да ги има. Корупцијата и криминалитетот, во многу пори на општеството го спречуваат развојот. Држава што има корупција и криминал, нема добри услуги за граѓаните. Нема добри училишта, нема солидни болници, нема ни добро судство. Нема фискална дисциплина и нема сигурни буџетски импути и тн.

Затоа, оваа појава треба да се бориме против неа, сите оние кои имаат јавна одговорност, сите

политички партии, од причина што секоја борба, секој милимиетар, колку и да е ситен за таа борба против корупцијата и тој поединец кој ја прави таа активност за борба против овој феномен, тој се борел за својата иднина, за безбедна иднина на неговите деца и идните генерации.

Затоа е неопходно, задолжително борбата против корупцијата да биде борба што ќе биде заедничка, консезуална како во политиката, така и во практиката. Треба да имаме консензус. Овој феномен да се искорени без да се зацрнуваат сите луѓе. Од причина што и во политичките партии има луѓе кои вршат корупција.

Меѓутоа, без оглед на функцијата што ја имале или ја имал оној кој вршел корупција, треба да се соочи со законот. Утре, не треба само да жалат, а не, ова е реваншизам, не, ова не е во ред, не е фер од причина што оваа Влада ја побудува оваа партија, затоа што нема поинаков начин за амортизација и го прави тоа со ставање во затвор на тие луѓе. Напротив, треба да бидеме реалистични, треба да бидеме и прагматични. Оние кои вршат корупција, треба заедно да им судиме. Да им кажеме дека треба да одговараат пред законот и тн.

Јас претставувам политичка партија што од моментот кога се вклучи во Владата, заедно со сите активности на Владата што ги имаше, дадовме консензус и усвоивме програми што се програми за борба против корупцијата. Ова се забележува и со примери. Ги спомнав истите порано. Практично, се гледа како оди работата и како излегуваат на видело резултатите од борбата против корупцијата и како Македонија лека, полека се менува и веќе не е таа Македонија што беше опфатена со корупција. Туку напротив, сега имаме подобри услуги, болнички, училишни, царински, имаме подобри услуги во сите пори на администрацијата, што се услуги за граѓаните, а не се јатаци на корупцијата и криминалот.

Ние ќе продолжиме со овој вид на политика, велејќи им не на коруптивните патишта, на феномените што го дегенерираат општеството, ја дегенерираат институцијата, каде што константно порано делувале. Меѓутоа, сега им е спречен тој пат, спречена им е таа активност што ја демонстрирале порано.

Гарантираме дека во оваа област граѓаните нема веќе да се соочат со такви работи, нема да има такви активности што ги доживувале порано, нема да има “ЕР ВАРДАР”, нема да има луѓе кои за една лична исправа ќе плаќаат по 50-тина евра и тн. Туку, борбата против корупцијата треба да биде сестрана. Во оваа насока треба да се вклучи и Обвинителството и судството и сите треба да бидат мобилизирани, да не бидат еднострани. Туку, едноставно да бидат во интерпретација и спроведување на законот сите оние луѓе кои се корумпирани, да им се каже стоп и да излезат пред лицето на правдата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господиен Матоши.

Збор има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе,

Јас оставив простор да дојде предлагачот, министерот за правда, заменикот вети дека ќе биде тука, да ја вратиме расправата на темата што е битна, а да не биде оваа слободна тема кој што направил за корупцијата и кој колку во овој момент може да се пофали.

Се ближат предвремените избори. По промената на власта ќе се види кој што направил. По дефиниција, секоја власт е херметички затворена. Чепнеш ли некоја реконструкција, тогаш ќе проговорат. Како сега Туневски, не сакате да слушате што тој говори дека Македонија стана шампион. Нема таков светски пример дневно по милион евра, односно милион долари да увезува струја. Тука е корупцијата. Тоа е софистицирана корупција. Не знам колку е вашиот дел или се оди кај фамилијата? Но за тоа ќе разговараме кога ќе дојде време. Утре има пратенички прашања па ќе го надополните вашето знаење и вие и колегите кои имаа пишани дискусии.

Јас сепак би се вратил на темата.

Бидејќи говориме дека е многу битно да го хармонизираме нашето законодавство, не гледам дека овде има пример, во која држава, на овој начин се зголемуваат ингеренциите на Управата за јавни приходи. Во која држава се напушта принципот на презункција на невиност и се префрла товарот на докажувањето на оној на кого ќе се посомневате? Јас може да се посомневам дека господинот Матоши, за оние 10 години, колку што живее во Македонија, не може да има имот од милион евра. И, ќе треба да му оставиме нему простор во следните 10 дена да докаже дека не може да има таков имот. Ако не докаже, ќе го оданочиме 70%. Ако не сака да соработува, ќе го пратиме во затвор. Таков систем во нашето опкружување и во Европа, не постои. Освен ако не сакаме да промовираме диктатура, што е целта.

Јас ќе ви кажам како ова сега функционира. Затоа што им 10 илјади пријави, не знам дали сте добиле вие од ДПА, се сомневам, вие имате друга полоитика и друга е вашата филозофија. Колегите од ВМРО-ДПМНЕ добиле задача на општинско ниво, секој комитет да напрви список на 15-20 успешни богати луѓе кои не се блиски на ВМРО-ДПМНЕ. Анонимно да ги пријави во Управата за јавни приходи. Тие се пријавени. 10 илјади има пријавени. И, бидејќи Управата не може да се справи со толкав наплив на пријави, бидејќи нема капацитет да докаже дека некој е потенцијален криминалец, сега ќе го префрли товарот, со овие законски измени на Ружди, на Владо, на Слободан да докажува. Ако не докажеме, ако не соработуваме, или ќе отидеме во затвор или ќе ни земат 70% од нашиот имот. Тоа, во нормална држава го нема.

Се под плаштот, превезот на борба против корупцијата се прави да се воспостави софистициран облик на диктатура. Каде што ова ќе биде извор на нова корупција. Рекетирањето на локално ниво и покрај тоа што сите ќе делат

комлименти дека имаме успешен директор на Управата за јавни приходи, под пресијата што се создава на полни каси во државата, дефакто, на терен имаме друг случај. Сега, само дополнително ќе дадеме можност да се зголеми рекетирањето, притисокот што е политички мотивиран и што има, условно речено, селективна борба.

Вие цело време овде говорите, не слушнав еден да каже афирмативно, бидејќи го нема тука предлагачот, каде го најде ова законско решение? Затоа што јас, на таа антологиска седница на Комисијата за политички систем, кога тој рече дека сака да исправа некои неправди, бидејќи е тој настар од сите нас, има најголем комунистички стаж, го прашав - дали се сеќаваш што говоревме во времето кога допреа до нас, во времето, на крајот на 80-тите либералните идеи и што пропагиравме, зошто треба да го напуштиме системот на комунизмот, каде што беше срамота да си богат. И, каде што тогаш имаше кампања дека треба да биде испитан имотот, дека испитувањето на имотот треба да биде начин на кој ќе се направи условно речено урамниловка.

Дали е тоа тенденција? Дали ќе ги нападнеме сите успешни луѓе во оваа држава и ќе се обидеме на тој начин да го зголемиме притисокот на оваа недемократска власт? Јас тврдам дека е тоа мотивот. Но, предлагачот, веројатно има некои побитни работи, требаше да ни каже. Неговото комунистичко искуство, какво беше неговото искуство во поранешна СРМ, имаше ли ефект кампањата “имаш куќа врати го општествениот стан”, имаше ли ефекти тогаш кампањата што се водеше против успешните директори тогаш, кои заговараа некои поинакви идеи, колу тој, како тогашен претставник на тоа обвинителство или како Секретаријат за законодавство има, условно речено, сечено глави на тие успешни директори кои се обидувале да промовираат овде капитализам. Да направиме преглед, дали тоа имало ефект, и сега ќе тргнеме со иста кампања.

Ако е целта да говориме за институциите и успехот во борбата против корупцијата, прво што треба да направиме е анализата како во овој момент функционираат овие институции кои се на браникот во борбата против корупцијата. Катастрофално. Во претходниот период, бидејќи доби партиски предзнак, борбата на тогашната Комисија за спречување на корупцијата, заради амбициите на Маневски, се виде, затоа стана министер или заради тоа што требаше нешто, условно речено да одработи за фамилијата, имавме поинаква комисија за спречување на борба против корупцијата.

Денеска гледаме дека имаме сосема поинаку. Ставивме таму, условно речено неколкумина, кои, според своите функции, бидејќи државата им е, условно речено, работодавачот, не ни можат таму да бидат. Па, треба да отвориме сега за тоа расправа, може ли да функционира ваква комисија за спречување на корупцијата или треба да имаме радикални мерки, како што ги направи, да речеме, една европска држава, Словенија. Словенија, кога виде дека многуте институции, што ги има во борбата против корупцијата меѓу себе имаат нелојална конкуренција, ја избриша Државната комисија за спречување на корупција. Беше близу Македонија ако продолжеше судирот што го имаше, да речеме, во минатото Маневски, Тасева со Јавниот обвинител. Сега видов нешто, потпишуваше Димовска и со директорот за Финансова полиција и на тој кој треба да спречи перење на пари и со другите институции. Но, јас ви тврдам дека нема координација. Освен ако нема некоја партиска координација, па како колешката Стефановска или колегата кој не е тука Гинов да ни каже овде дека има списоци.

Ние денеска слушнавме за пет случаи за кои веројатно, со новите ингеренции, Управата за јавни приходи веќе има приоритет што да прави. Беа спомнати со име и презиме, што е катастрофално. Веројатно тогаш колешката Дулиќ не слушаше што говорат. Реагираше на дискусијата на Игор Ивановски, а не собра доблест да проговори за обидот на дел од пратениците да ја направат оваа собраниска сала обвинителство или судница. Им се судеше овде на луѓето. Не беше ни користен терминот што се користи во една демократска држава “постојат основани сомневања”. Зацепи колешката од Битола, спомна пет-шест имиња од Битола, спомна цели институции за кои тврди “ќе видите вие”, па му се врти на Ивановски “ќе видите вие”.

На тој нчин, почитувани колеги, не можеме да се бориме. И, 50% од граѓаните денеска тврдат дека, условно речено, таа борба е селективна. 50% знаат дека има партиски предзнак. Се додека се забошотуваат случаите како што е увозот на струја, што е огромен криминал, ќе се докаже тоа, врапчињата веќе џивкаат околу кој колку проценти има во 2008 година. Тоа треба да разговараме. Имаме ли инструменти, со вакви законски решенија да имаме таква контрола?

Јас тврдам дека тука требаше да биде насочена нашата дискусија. Прво, на овие три решенија што тврдам дека ги нема никаде и дека не водат кон хармонизација на нашето законодавство.

Второ, пратениците, во општата расправа да дадат други примери како сметаат дека може да се зајакне борбата против корупцијата, затоа што коруптивните елементи се такви што ги има во секое општество. Тоа го потврдија сите. Начините како има корупција, од ден на ден се се пософистицирани.

Нашата Влада, да речеме, најсофистицирано ги злоупотребува народните пари преку рекламните кампањи. Внимателно се собраа сите средства. Минатата година ја заврши со над 20 милиони евра потрошени пари за кампањи. Никој не знае каков е ефектот. Ако бевме до крај доследни, требаше во овие измени да го вметнеме и тоа решение.

На кој начин ние сега ќе ја зауздаме, да речеме ВМРО-ДПМНЕ, ако реши во овој период, кога има дилема, да прави или не предвремени избори, да

ги тера оние спотови со таткото, мајката, двете деца и дедото пензионер, што државата прави. Колку беше, 9-10 минути. Никаде, се користи законската празнина што во други нормални демократски држави е софистициран облик на корупција. Каде што се злоупотребуваат државни-народни пари за партиски цели. За тоа требаше да разговараме. Или да разговараме за последниот сучај што е ова контрадикторно. На тапет се најде пратеникот Макрадули затоа што јавно, пратеник е, шеф на нашата пратеничка група, побара објаснување зошто Државната комисија за спречување на корупцијата не реагирала, барем прекршочно.

Јас тврдам дека не може да бидат привелегирани фунционерите. Значи ние, како функционери, ако не го пријавиме имотот, прекршочно ќе одговраме. Граѓаните, на кои ќе се посомневам јас, Ружди или Влатко дека се несоодветно богати, дека станале многу угледни, имаат поинаква санкција ако не соработуваат. Затворска казна. Значи, ако не ги поднесат доказите, така што правиме непотребна дистинкција. Повторно ги фаворизираме избраните и именуваните функционери и се насочуваме, условно речено, кон една “мала” елита што е создавата во нашата држава на успешни луѓе кои сега ќе бидат на удар на јуришниците, што ќе биде поизразена на локално ниво. Тоа се гледа. Сепак Скопје, не само заради тоа што по дефиниција поголемите градови или административниот центар на нашата држава е опозиционо настроен, тоа тешко ќе помине да речеме во Скопје. Но во Кавадарци, како што споменав, не знам во Берово или во помалите општини во Источна Македонија, сега да не ги набројувам, ова ќе биде инструмент на вршење политички притисок, рекетарство и ново извориште на корупција.

Затоа би побарал оваа расправа, затоа што следи амандманска, да добие еден поинаков тек. Ние, говоревме за се денеска и во изминатите два дена, не говоревме само за овие три решенија што ви тврдам дека се скандалозни. Дури, не сум убеден, туку очекувам за нив да расправа и Уставниот суд, затоа што сметам дека нарушува едно од оснвоните принципи, едно од основните правни начела, дека не можеш товарот на докажувањето државата да го префрли на оној за кого се сомневаш дека е богат. Тоа е ова. Не гледате? Мислам дека ова во Венецуела, Чавез да го прави, па и таму еднаш-два пати помина, третиот пат се организираше народот, не само индустријалицте кои ги има таму, дали се пребегани од Хрватска, дали се пребегани од други држави, но успеаја да го победат на последниот референдум.

Зарем ние ќе треба за вакви законски проекти да ги рушиме со референдум? Затоа што се обидува некој, врз основа на фрлената чадна бомба да создаде еден чад, да зборуваме за се и сешто, колку биле успешни акциите на сегашната власт, а да не говориме за конкретните решенија. Дајте, внимателно да ги прочитаме овие три членови. Катастрофални се. Катастрофални се. На Комисијата за политички систем, каде што се обиде и опозицијата да даде свој придонес а го бранеше законскиот проект министерот за правда Михајло Маневски, помина катастрофално. Затоа што не понуди ниту еден аргумент каде има вакви решенија.

Јас очекував дека, ако оваа седница добие таков тек, ќе излезе некој, ќе рече, се обидоа во таа и таа држава, што не е во Европа, на овој начин да шират популизам, да шират егалитаризам или да создаваат еден нов тип на општество, што веројатно би доликувало на Македонија. Но, бидејќи такво нешто не слушнав, бидејќи тврдам кога на купче ќе се соберат четирите лидери и ќе се стават некои проекти, сега за да собереме некој поен, правиме катастрофални грешки.

Значи ни се протнуваат. Имавме и пред две недели такви проекти кои не се поминати нис ситото на експертиза, на јавни дебата, на компаративни решенија, и сега ајде да покажеме дека е декструктивна опозицијата или дека не знам кој ги кочи законите со европско знаменце, треба да помине се. Овој закон во оваа форма во кој што е даден не треба да помине. Затоа што е спротивно на европските стандарди. Ги загрозува човековите права, слободи и го руши системот кој ние го промовираме, а тоа е либерален капитализам каде што имаме такви предуслови кои треба да ги создаде државата, успешните да бидат побогати, поуспешни да создаваат простор за другите да се справи Македонија со овој најгорлив проблем, а тоа е со сиромаштијата и невработеноста.

На овој начин и понатаму ќе се лажеме дека го полниме буџетот со вакви мерки, кои се драконски, кои радикално го менуваат поимањето и филозофијата што значи една либерална држава и во краен случај диктира да се создаде една партиска држава која ја води Македонија во диктатура. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Збор или реплика господине заменик министер. Реплика.

За реплика има заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски**: И реплика не знам како може да се сфати.

Благодарам потпретседателе.

Му должам едно извинување на пратеникот Бучковски.

Значи, точно е дека по завршувањето на претпладневната дебата ветив дека ќе дојде министерот, така беше и договорено, меѓутоа сакам да го информирам дека со оглед на фактот дека имаше веќе пред 15 дена закажано средба со делегации од ОБСЕ и од ИХР и од тие причини не беше во состојба да присуствува. Значи, сакам да му се извинам, затоа што немав прилика претходно да го информирам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине заменик министер.

Реплика има госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе,

Почитуван колега, бидејќи бев прозвана, затоа се јавив, за фирмите кои ги споменав има веќе основани аргументи и докази и официјално кривични пријави се објавени во јавноста. Значи, не е никаква тајна. Ако мислите дека само вие можете да се заканувате и да посочувате фирми за кои немате никакви докази, во голема заблуда сте.

Во врска со колегата Игор Ивановски, јас вратив во иста мера како што тој знае на сите наши колеги да се обраќа и да се искажува тука. Точно се знае кој што дискутира и за тоа има стенографски белешки и може да ги земе секој од вас и да види кој што кажува. За тоа кој се заканува сите слушаме и целата јавност, посебно кога вие би се вратиле на власт, иако знаете дека никогаш нема да се вратите со 1,5% рејтинг.

За друго немам намера да ви вратам, бидејќи вие знаете дека никогаш нема да се вратите, особено со вакво однесување. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Стефановска.

Контра реплика има господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Значи, колешке Стефановска, да не сте вие и таквите како вас веројатно тешко би се вратиле. Но, колку повеќе ве има и со вакви дискусии по убеден сум дека СДСМ се враќа на власт и многу порано отколку што некој смета, уште повеќе што имав прилика во 1998 година кога победивте вашиот претседател на Комисијата, партиската комисија за борба против корупцијата ми порача: Е мој Владо, 100 години ќе владееме. Се покажа дека не успеавте тогаш да владеете на начин на кој посакувавте повеќе од две години. Се направи голема коалиција и се надевам дека и овој пат нема да го рушите тој рекорд. Две години е максимумот на владеењето на ВМРО ДПМНЕ.

**Бесим Догани:** За збор се јави господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе,

Ќе се обидам да бидам прилично краток и да ги искажам своите дилеми во врска со предлогот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата. Јас отсекогаш во овој Парламент сум ги поддржувал законите кои што водат кон систематско, законито спречување на корупцијата во Република Македонија. Уште во 1996 година кога никој во Македонија не зборуваше за јавните набавки и корупцијата, јас бев претседател на една Анкетна комисија која што прва во Република Македонија проговори за тоа со некои колеги пратеници кои што се сега и тука во овој Парламент. Но, за мое разочарување човекот за кој што тогаш го кажавме и како анкетна комисија дека е вклучен во првата најголема корупција во Република Македонија поврзана со јавните набавки, ВМРО ДПМНЕ и оваа Влада на господинот Груевски, сега кога дојде на власт во 2006 година го стави на ептен висока државна функција. И со самото тоа уште на старт не разубедија дека нема да се борат против корупцијата и за човек за кој што има и документи во оваа држава дека бил инволвиран во првата голема корупција поврзана со јавните набавки, тогаш немаше закон за јавни набавки. Сега го поставија само преку друга партија на ептен висока државна функција. Она што сакам да го проговорам е дека ние сите кога зборуваме за корупцијата и за спречување на корупцијата како партии секогаш ја бараме кај друг. За жал, овие денови се спомнуваа дури имиња и станавме поедини колеги овде и истражни органи и обвинителни органи и судски органи и докажавме дека некои се корумпирани. Ќе спомнам само еден пример, колегата Александар Николовски некни го слушав, кажува за еден директор, вели, за една година купи кола и стан. Човекот колата ја има купено 4 години пред да стане директор. И сега нека оди тој нека докажува дека не ја купил тогаш, бидејќи од овде од говорница излезе тоа. А станот му е купен пред 20 години од татко му. Сега тој човек треба да докажува во јавноста. И ние често пати знаеме да ја злоупотребиме говорницата и тоа не е добро. Но, она што сега повторно сметам дека наместо да предлагаме законски решенија кои што ќе одат во правец на зајакнување на институциите на системот во спречувањето на корупцијата и санкционирање на оние кои што биле вмешани во корупцијата, сметам дека ќе одиме во еден друг правец повторно се етикетирање и дискредитирање на личности за кои што ние прво ќе кажеме дека се корумпирани, а после на него му останува кутриот 10 години да докажува дека не е корумпиран, ама ние ќе го кажеме тоа. Како поинаку да се протолкува точката 6 во членот 1, вели, во постапката од став 1 на овој член лицето е должно на Управата за јавни приходи да и ги презентира доказите за изворите на средствата со кои е стекнат имотот и средствата со кои располага лицето и членовите на неговото семејство.

Јас лично никогаш не се плашам за да не паднам под санкции на овој член, никогаш апсолутно и тоа може власта уште недонесен законот да провери кај мене лично. Но, овој член отвора простор дами и господа секој да биде потенцијален корумпиран член. Јас сум убеден дека, еве од овде да тргнеме, секој што градел куќа не ги чува документите што го купил материјалот. Гледајќи го овој член вие не можете да презентирате докази дека сте купиле материјал за да ја правите таа куќа. И подлегнувате на овој закон. Вашиот извор на средства некои повозрасни што се овде кога земале кредити во она постаро време, па граделе одредени објекти и ако ги погледнете тие платни списоци, сега ќе испадне дека се корумпирани. Мислам дека многу е несреќно ваквото решение. Ние треба да создадеме институции на системот

кои што тие ќе докажат дека некој е виновен, а не личноста да бара докази, да докаже дека не е виновен. Затоа што вие пред време му велите, ако немате докази за одреден имот кој што го имате, вие сте веќе виновен и ќе платите 70% данок. Јас се согласувам има енормно разлика помеѓу примањата на поединци и имотот кој што го стекнале. И јас не се стеснувам тоа да го речам, меѓу овие 120 пратеници, иако кога ќе има некоја анкета на листата први сме на најкорумпираните политичари. Меѓу овие 120 малку ќе најдете такви луѓе. И ние повторно ќе се занимаваме сега со имињата на некој што бил пратеник, или не знам што. Еден пратеник е нула, за еден најобичен набавувач, парично е 0:1 кој што води набавки во јавно претпријатие кое што располага со тешки милиони евра. Во смеа, но вистина е, еден мој пријател ми велеше, доволно е РЕК Битола да ја снабдуваш со тоалет хартија и сапунчиња, да станеш премногу богат. И сега сите такви, сега не спомнувам за РЕК, сите такви во било кое јавно петпријатие ќе бидат настрана што се пониски ешалони, а кои што располагаат со големи финансиски средства во сопственост на државата. Под удар ќе бидат одредени личности за политичка пресметка. Тоа нема да не доведе до искоренување на корупцијата во Република Македонија. Некаде пред две години во овој Парламент како ЛДП поднесовме една декларација која што едногласно ја усвои после тоа парламентот за борба против корупцијата. Но, веднаш после усвојувањето на декларацијата некои кои што тогаш беа опозиција, сега се на министерски функции избегнуваат да кажат од каде им е потеклото на имотот. И не е ништо спорно да работиме на создавање на закон кој што ќе има за цел спречување и отстранување на корупцијата. Отворено го поставувам прашањето зошто Министерството и Владата не ставија на овој закон знакче од Европската унија? Бидејќи колку сакате да кажувате дека корупцијата е сега намалена, не сакам да навлегувам во тие води во расправата, бидејќи не е тема на расправа, корупцијата во ништо не е помала, можеби е и повеќе, поголема од страна на државни институции од претходниот период. Но, да го оставиме тоа. Но, сега треба да донесеме закон кој што ќе биде во склад со директивите од Европската комисија. Прашувам, зошто од Министерството за правда и од Владата не ставиле знакче од Европската унија? Се плашите дека не е во склад со директивите на Европската Комисија. Дајте еднаш за да тргнеме прво било каков сомнеж од нас, да седнеме да направиме закон кој што е во склад со директивите на Европската унија, да престанеме да етикетираме луѓе посебно оние кои што се надвор од носители на функции. Наспроти тоа се повеќе сум убеден дека носиме закон кој што има за цел да го скрене вниманието од вистинските места на корупција во друга насока и под плаштод, под наводната борба против корумпираните да остане надвор вниманието на носителите на функцијата.

Корупцијата може да постои само во институциите на системот, само во државните органии претпријатијата кои што се во сопственост на државата. Оние кои што се надвор од тоа само преку нив можат да бидат корумпирани. Одредена личност која што е да речеме сопственик на претпријатие може да биде поттикнувач на корупција и да биде вмешан во корупција само преку институциите на системот преку државните органи. Не може инаку да има корупција помеѓу две приватни претпријатија. И затоа сметам дека решенијата кои што се предлагаат не одат во правец на зајакнување на институциите и зајакнување на системските решенија за борбата против корупцијата, туку одат во правец на политички реваншизам кој што може после тоа како бумеранг да се врати. И постојано ќе се вртиме во едно тркало сите да бараме кој, која власт од која била покорумпирана наместо да изнајдеме решение, со оглед на тоа што не може до крај да се искорени корупцијата, ниту има систем во светот кој што ја искоренил корупцијата до крај, барем да успееме да ја доведеме во едни подносливи граници, степен на корупција како што има во било која развиена демократска земја во светот. Од тие причини ова законско решение нема да го поддржам, бидејќи ова не е борба против корупцијата. Изгубивме два дена, три дена, наместо повторно да расправаме за вистинските проблеми, за вистинските закони, а тие вистински закони Владата ги повлече од расправа. А 7, 8 месеци ни труби на главата дека тие се многу битни за членство во Европската унија, а сега Владата ги повлече од процедура кога стигнавме до нив. И затоа колку побрзо стигнуваме до тие закони кои што ги бара Владата, толку побрзо тие ќе ги повлекуваат.

**Бесим Догани:** Ви благодрам господине Најдовски.

Има збор господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам навистина е добро што се донесува закон за спречување на корупцијата во нашата земја, затоа што сме една од државите, или пак земјите каде што корупцијата, или пак оваа појава е многу нагласена. Добро е, затоа што сме свесни дека со донесувањето на закон, или пак на декларација како што направивме во минатиот парламентарен состав. Со самиот тој акт тоа не значи дека ќе се спречи корупцијата, дека од тој момент ќе престане итн. Свесни сме дека само со донесување на закон нема да направиме ништо, свесни сме дека законите треба да се донесуваат, меѓутоа над се повторно е факторот човек што значи носителите на функциите, или пак именувањата кои што ги правме ние како политички субјекти и не само тие корупцијата е многу подлабоко во нашето општество и повторно велам многу е значајно, над се најзначаен е факторот човек кој што ќе има јасен пристап за борба против корупцијата, или пак само ќе говориме за корупција, а во реалност ќе се одвива тоа што се одвива години со ред во нашето општество. Ние како парламентарна група иако

сме свесни дека овој предлог закон не е совршен, има многу работи кои што треба, или пак можеби требаше да се дополнат, како и да е, Владата дава своја проценка дека со овој Предлог закон барем ќе се стави рамка со што ќе се бори против корупцијата. И велам ние како парламентарна група иако сме свесни дека има место за дополнување на овој закон, сепак ќе го поддржиме донесувањето на овој Предлог закон, свесни дека со гласањето на овој закон по автоматизам тоа не значи дека ќе се бори со корупцијата.

Дека Македонија ќе биде една од земјите која што во светските листи на рангирање на корумпирани држави, ќе биде во тие што се помалку корумпирани. Повторно ќе кажам тоа и што го кажав дека и по донесувањето на законот, над се, повторно е факторот човек. Доколку не почнеме во нашите редови ние да се бориме против корупцијата, доколку секој функционер не почне самиот од себе и подолу да се бори против корупцијата, тогаш и овој Предлог закон или пак овој закон кој што ќе се изгласа денес, ќе биде само еден закон или добра волја, желба на пратениците, навистина, да дадат свој придонес во борбата против корупцијата, во реалноста тоа нешто нема да се случи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Збор има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јанвевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Навистина интересни теми се отворија по повод овој закон. Јас би сакала да го кажам моето мислење, прво во однос на законското решение. Навистина Законот не е оној кој што ќе ги реши нашите проблеми со корупцијата, без оглед на тоа колку е лош или колку е добар. Искрено и јас не се согласувам сосема со сите предложени членови, но во овој момент ќе се обидам да објаснам како го доживувам овој закон. Кога станува збор за родовото прашање и решавањета на проблемот на еднаквоста меѓу мажите и жените, секогаш сум велела дека и позитивната дискриминација ја чувствувам како дискриминација, без оглед дали е позитивна и дека тоа во мене буди негативни чувства, затоа што и средството со кое се обидуваме да ја подобриме состојбата во оваа земја, на пример, 30% од избраните во Парламентот да бидат жени, сметам дека не е правото решение. Во таа насока велев кога го подржував таквото решение дека средството за постигнување на одредена цел, а тоа е оваа мерка, законско решение за 30%, ќе помогне за достигнување на вистинската вредност. Така и овој закон го сметам како средство за помагање на нашата држава во борба против корупцијата и како што реков, би можел да биде малку поквалитетен од онакака како што е предложен. При тоа, ќе напоменам дека со одредени ставови на господин Слободан Најдовски навистина сум согласна, но пак ќе потсетам на менталитетот на овој народ, на една од поговорките кој мене воопшто не ми се допаѓаат, а една од тие е, стравот го чува лозјето. Ако носењето на овој закон потпомогне во борбата против корупцијата на било кој начин, се разбира дека сите ние треба да го подржиме. Дури и вака како што јас се обидов на многу едноставен начин, на поедноставен или вулгарен начин да го видам неговото функционирање во иднина.

Она што ни оставим впечаток за време на дискусиите по повод овој закон е взаемното обвинување на едната или другата страна за што јас веќе и порано сум зборувала кој од кој е полош, а не натпревар за тоа кој од кој е подобар. Можеби некој од пратениците ќе се сети дека на денот на формирањето на оваа Влада јас зборував за предложениот состав на Владата и тогаш си дозволив да му се обратам на премиерот и да му речам нешто во овој стил, "господине мандатар, народот не ви даде мандат да го оставите СДСМ на власт преку партијата НСДП", за денес да слушнам дека СДСМ и ВМРО бескрајно многу се обвинуваат за тоа кој бил полош.

Мој личен впечаток, што не мора да е точно е дека сепак одредени структури од минатата СДСМ и тоа како многу учествуваат во моментот во власта во оваа земја, почнувајќи од министри, завршувајќи со трети, четврти, петти ешалон, па и натаму. Еве, да ве потсетам дека според мене, иако некој можеби ќе спори со мене, Јавниот обвинител не е партиски кадар, портпаролот на Владата не е партиски кадар, министрерот за одбрана не е партиски кадар на ВМРО-ДПМНЕ, но мене лично ништо не ми пречи доколу луѓето квалитетно ја работата својата работа. Па, оттука небулозата, едни со други да се обвинуваат кој што повеќе сработил. Инаку, корупцијата е позната во сите влади на владеење во оваа држава. За жал, камо среќа да имавме барем една во која ќе немавме корупциска афера, па мене ми изгледа многу смешно да се спомнуваат ТЕЦ Неготино, иако слушнав и од опозицијата дека ја оправдуваше министерката Рафајловска која сега е во оставка дека го спречила коруптивниот скандал, како таа да не е член на Владата, како таа да не беше дел од Владата. Значи, сепак, опозицијата прави некаква разлика меѓу министрите од кој ешалон доаѓаат што беше позитивно за министерката, а истото тоа негативно во конотација на Владата, што значи сепак е малку контрадикторно. Жал ми е што ги слушнавме и Бачило и Неготино и земјиштето Рамстор и нафтата и цигарите, па наместо да продискустираме за тоа како ова уште еднаш да не се повтори. Ме радува фактот, можеби е многу незначајно и е незначително од 104-то да стигнеш на 86 или 84 кое место беше, наместо да сме, да речеме на 24 место, но мене лично ме радува помакот макар и од 1 место.

Сега би се вратила на она што сметам дека за Парламентот е од исклучителна важност, а тоа е односот на јавноста и на самите нас кон нас односно кон луѓето од Парламентот. Не ме чуди оценката од едвај задоволителен 2 за

пратениците и Собранието во Република Македонија, кога самите ние си дозволуваме во овој состав за себе да изречеме што е можно полошо и пострашно. Апсолутно сум согласна дека пратрениците можеби постојат исклучоци, но јас не ги знам, ако не ги знам се извинувам што грешам, дека пратениците се најмалку вклучени во она што се вика корупција во оваа држава, па дури и да сакаат, сметам дека можноститите им се сведени за минимум, за разлика од некои други кои се наоѓаат на одредени позиции кои можат да бидат злоупотребени.

Затоа, би сакала да замолам во иднина со малку повеќе респект едни меѓу други да се однесуваме, при тоа не сметам дека не треба да се критикува она што сметаме дека е негативно, но барем себе си или оние кои навистина никогаш не биле вклучени во таквите дејанија да бидат поштедени, ако не од сите други, барем од колегите. И, со оглед на тоа дека веќе кажав како го доживувам овој закон и јас ова законско решение ќе го подржам. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

За реплика се јави господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина, внимателно ја проследив почитуваната пратеник. Добро ја кажа народната поговорка дека стравот го чува лозјето, нешто што и јас сум го слушнал неколку пати ова, но во нашиот случај, почитувана колешке, во нашиот случај, велам на нашево место во Република Македонија се случува еден друг феномен, поинаков феномен. Исто така, една народна поговорка вели, на волкот не треба да му се остават овците да ги чува, бидејќи ако му се остават овците на волкот, се знае каков ќе биде крјот на овците. Значи, треба да бидеме внимателни за сето ова, стравот да не ги чува лозјата, туку законот да се спроведе и имплементира. И, за жал, велам повторно, поговорката што ја кажав, во рацете на волкот не треба да се остави законот, туку со оваа законска рамка треба да се справиме со корупцијата. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Алити.

Контра реплика има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

Да, работата на Парламентот е да ги носи законите, работа на извршната власт е да ги спроведува законите. Јас се надевам дека нашата работа помалку или повеќе успешно ја спреведуваме иако мислењето во јавноста не е така, а да оставиме времето да покаже дали власта ќе го стори она што треба да го стори тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, за заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата.

Пред да ве повикам да гласаме, би ги повикал сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, бидејќи немаме доволен број на пратеници во моментот.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 72 пратеници, заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 64 пратеници, од нив 50 гласаа за, воздржно 12, против 2.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 49 пратеници, од нив 47 гласаа за, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за внесување нов член 1-а пред членот 1 и на член 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Оливер Спасовски поднесоа амандман на член 1 став 1, во новиот став 6 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 во новиот став 6 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, како и сами што кажавте во член 1 став 2 во новиот став 6 има предложено амандман да се додадат зборовите "стекнати за време на траењето на мандатот", Владата не го прифаќа овој амандман од причина што во членот 36 став 2 е уредено ова прашање, така што тоа се причините, затоа што во наведениот член и став 2, утврдено е времетраењето, додека трае мандатот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Владата не го прифати амандманот.

Збор има господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина сме изненадени зошто Владата не го прифати нашиот амандман кој нема никаква

политичка заднина и кој единствено има цел да се допрецизира, појасни текстот на законот односно примената на законот. Колку што сме изненадени од неприфаќањето на нашиот амандман од страна на Владата, уште повеќе морам да кажам дека сме изненадени од образложението што го даде заменик министерот во името на Владата, а тоа е дека ова што ние го бараме да се прецизира дека презентирањето на доказите за изворите на средства од кој е стекнат имотот и средствата на функционерот, се однесува, тоа беше и нашиот предлог, за времето на мандатот, за времето на траењето на мандатот. Ако вие велите, вашето образложение при одбивањето на амандманот дека тоа е регулирано во друг член 36, тогаш зошто се плашите да се дорегулира и во овој член кој вие го изменувате односно во кој додавате два нови става. Значи, додавате став 6 и став 7. Ако е тоа во став 2 регулирано, ако со став 6 на кој ние бараме прецизирање, а прецизирањето се однесува токму на она што го говорите вие, тогаш зошто не сакате за истата работа законот да биде појасен и попрецизен. Дали оставате простор политички, затоа што цело време говоревме дека одредени решенија во овој закон се носат со цел единствено законот да не биде прецизен, за да оној што ќе го применува може политички да го толкува, а не правно да го толкува. За да оној што ќе го применува може политички да се реваншира, да се одмаздува, да се осветува и да етикетира и да омаловажува, да оцрнува свои политички противници и неистомисленици. Ако не ви е тоа намерата, тогаш еден ваков амандман, дотолку повеќе што самите признавате и констатирате дека е веќе такво нешто регулирано, ако вие така го регулирате, тогаш дотолку повеќе прифатете го и овој и уште ќе биде појасен законот односно ќе бидат они врз кои се применува законот заштитетени од политичка примена односно од прешироко, слободно применување и толкување на законот. Затоа што законите кога се донесуваат се прават да бидат јасни и прецизни, а не отпосле некој да тумачи што некој сакал да каже или да напише, или што мислел при донесувањето на законот. Тоа остава простор кај нас, повторно ќе речам да се сомневаме, исто како и во член 2, извинете што ќе направам мала дигресија.

Меѓутоа, и членот 2, и членот 1 се меѓусебно зависни и поврзани, исто како што во наредниот член, за кој што за жал исто така немавте чувство да реагирате со ваш амандман и да ги прифатите нашите укажувања од општата дискусија која се води веќе два дена по овој закон за антикорупција, дека како што вели законот ако во постапката за испитување на имотот и имотната состојба не се докаже дека имотот е стекнат или зголемен како резултат на примања што се пријавени и оданочени итн, која е интенцијата, која е целта, која е лекцијата на законот. Кој овде треба да докажува ве прашувам јас вас? Оној невиниот дека е невин или државата своето сомневање поткрепено со докази се разбира. Не може вие само што ќе покажете со прст на некого и секој да се чувствува прозван, да се срами и да докажува затоа што на пример ќе му се испушти на некој пратеник во Парламентот за некој нешто да каже, пратеникот притоа има имунитет и тоа отишло во јавноста, тоа ќе се коментира, некој ќе треба да се срами на улица затоа што некој некого сака да омаловажи, дискредитира и етикетира заради политички интереси. Ова не е правиот начин како вие сакате и како ја замислувате борбата против корупцијата, ова е селективен пристап, крајно селективен затоа што вие доколку сакавте непристрасно да го применувате законот, можевте тоа и без овие измени да го правите, да го покажете и докажете на дело. Притоа мислам на вашите функционери од ВМРО-ДПМНЕ, затоа што овој закон е закон за власта и пратеничката пред мене која не припаѓа на опозицијата говореше дека пратениците, посебно оние од опозицијата, и да сакаат не можат да бидат изложени на ризикот корупција или криминал. Затоа говорам за извршната власт, кај извршната власт е моќта, извршната власт ги троши буџетските, државните пари на граѓаните. Таа потпишува, таа распишува тендери, таа прави непосредни спогодби и штетни договори. Меѓутоа, институциите, и покрај постоењето на, би рекол и без овие измени, сосема солидни законски рамки и основи не постапуваат, односно постапуваат селективно под диктат на оваа власт, додека не реагираат на сите оние корупциски и криминални скандали кои излегоа во јавноста и за нив велам, реков и пак ќе речам, вие го наметнувате правилото. Не само што го искривувате правниот принцип и начело на товарот на докажувањето дека тоа паѓа на државата која ги има впрочем и сите инструменти да ги провери и да ги докаже сите факти за кои се сомнева, го префрлате по ниедна логика товарот на докажувањето, па уште и воспоставувате нови кривични дела ако некој не ги доставил бараните информации. Ако некој не ги достави бараните информации, ќе биде оданочен со 70% и нема бегање од тоа, кој и да е. Меѓутоа, со овој закон не можете да воспоставувате нови кривични дела. Ако се докаже во таа постапка, што легитимно имате право да ја поведете, тогаш институциите ќе поведат друг вид на постапка и тоа лице ќе одговара според Кривичниот закон, ако се докаже дека некој се стекнал на криминален начин или на нелегален начин со оданочени средства, непријавени приходи итн. Имаме случаи за непријавени приходи, неоданочени средства кај власта на ВМРО-ДПМНЕ. Како вие ќе покажете дека законот важи подеднакво за сите? Затоа, морате да најдете начин навистина, иако не сакате да го прифатите амандманот, не сакате да ги прифатите предлозите и сугестиите на опозицијата од оваа општа расправа, меѓутоа, на вас останува одговорноста понатаму во праксата да покажете дека овој закон не е селективно наменет за поединци кои не се истомисленици со власта или кои многу ја критикуваат власта, па власта да има инструмент во рацете да им ги затвори устите. Од ова Република Македонија

нема да има корист, од ова власта може привремено да ги користи решенијата во овој закон и да ги толкува политички и привремено да ги задскрие своите криминали, малверзации, афери, глупости и корупции, а вниманието од таквите свои афери да го пренасочи за политичка пресметка со поединци од опозицијата. Ова не е искрена, не е вистинска борба против криминалот. За да функционира ова, ви треба уште еден дополнителен услов што не можете да го обезбедите, независни професионални самостојни институции, и тоа не го направивте, не се согласивте со професионална Антикорупциска комисија. Имате партиски и државен ревизор, имате близок до владеачката партија јавен обвинител, за Управата за јавни приходи да не коментирам. Значи што остана од македонските независни самостојни институции, кои согласно Уставот имаат обврска да ја водат борбата против криминалот и корупцијата. Морате да дадете одговор на овие прашања. Молчењето - ние говоревме за Законот за општата управна постапка - во вашиот случај за жал не значи одобрување и согласување, во вашиот случај значи ароганција и одбегнување да дебатирате за нешто што не ви одговара, одбегнување да се соочите со аргументите на опозицијата. Не е доволно да кажете дека амандманот не се прифаќа.

Овие измени на законот и во член 1 за амандманот што не го прифативте, да прецизирате дека се работи за имот кој е стекнат за време на мандатот, значи за таков имот кој е подложен на проверка, затоа што овој Закон за антикорупција не е за обичните граѓани, за обичните граѓани постојат редовните закони кои и претходно постоеле и пред да има антикорупциска комисија и пред да постои од 2002 година овој закон, каде што може институциите, Управата за јавни приходи да ја проверуваат нивната имотна состојба и соодветно да постапуваат. Меѓутоа, овој закон е наменет за функционерите, овој закон е наменет за политичарите. Меѓутоа, и кај политичарите и функционерите има една градација, пред се за политичарите и функционерите кои се наоѓаат на власт. Вие заборавате дека овој закон се однесува и на вас. Затоа, не си ја сечете гранката на која седите, затоа што сите овие работи - јас не го посакувам тоа затоа што секој е должен подеднакво да го применува законот и законот да важи подеднакво за сите без разлика кој е на власт и кој е во опозиција, меѓутоа, како тргнале работите, на вас може да ви се удрат по глава токму овие работи, затоа што реков вистината е спора но секогаш се открива, правдата е спора но секогаш излегува на виделина.

Ви благодарам многу и уште еднаш размислете што правите со овој закон и дали ќе имаат ефект измените и примената на овој закон, или како што рече министерот тие ќе послужат за дисциплинирање. Не е целта на оваа држава да дисциплинира некого, ниту да сее страв, ниту да се заканува. Целта е да се воспостави принцип на владеење на правото, на правна сигурност, почитување на процедурите и на човековите права. За жал, вие го правите токму спротивното. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Кондарко.

За збор се јави господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседател.

Почитувани пратеници, почитуван заменик министер,

Сакам да наведам неколку аргументи во прилог на амандманот кој што го поднесовме со моите колеги, а се со цел овој закон да биде подобар, попрменлив и закон кој што нема да создава услови за некакви злоупотреби, заради тоа што се повеќе сум убеден во некои законски решенија дека вистинската намера не се оние причини кои ги наведувате на почетокот дека мораме да ги доуредиме законските прописи во кои ќе покажеме дека искрено и до крај ќе се бориме против корупцијата, туку повеќе или помалку има примеси на одредени лични релации и анимозитети кои ги имаат одредени носители на функции во Владата и така прилагодуваат одредени законски решенија, се со цел за задоволување веројатно на нивната лична суета и тоа е еден од овие закони, еден од предлозите кои го нудите сега пред Собранието на Република Македонија. Иако предлог законското решение е доставено до Собранието уште во јуни месец, долго време не беше на расправа на седница, одложена, мислев дека имате доволен период да ги преиспитате решенијата кои се нудат во законот да увидите што е она што може да се злоупотребува, што е она што нема да се применува во интерес на граѓаните, што е она што може да создава слика на привидна борба за корупција и криминал и конечно да се определите за законско решение кое ќе го доставите во вид на амандман или да го прифатите амандманот кој го предложивме со колегите пратеници, се со цел да немаме злоупотреба на одредени одредби во функционирањето и на Антикорупциската комисија и воопшто во борбата против корупцијата, заради тоа што ако навистина правиме некои злоупотреби, нема потреба од донесување на закон и нема потреба од донесување на одлуки при што длабоко има вмешани политички примеси при нивното донесување, уште повеќе и лични. Мислам дека со донесувањето на овој закон за спречување на корупцијата, со донесувањето на уште неколку закони кои доаѓаат токму од вашиот ресор, на кои директно кумува вашиот министер господинот Маневски, јас имам право да се сомневам, а ќе се сомневаат веројатно и многу граѓани дека во прашање е нешто сосема друго, во прашање е да може да се искористи одредена одредба, како злоупотреба на таа одредба да се деградира одредена личност, веројатно од опозицијата, а не исклучувам тоа да биде и некој од власта кој нема

да мисли исто или слично како што мисли одредена гарнитура.

Зошто сметам дека одредбата ќе може да се злоупотребува?

Од едноставна причина што во ставот 6 од Законот, од основниот закон член 36 или членот 1 од Предлогот за изменување и дополнување, стои дека во постапката од ставот 1 на овој член лицето е должно на Управата за јавни приходи да ги презентира доказите за изворите на средства од кои е стекнат имотот и средствата со кои располага лицето и членовите на неговото семејство, без притоа да се наведе дека е должен тоа да го прави за стекнатиот имот во периодот додека бил на одредена функција. Еве, да го погледнеме и ставот кој што вие го нудите како аргумент дека тој став 2 од членот 36 дава можност да се увиди дека тоа е за време на мандатот. Таму стои дека против лицето од став 1 на овој член постапката ќе се поведе и ако се утврди дека неговиот имот или имотот на член на неговото семејство во текот на траењето на мандатот односно вршењето на должноста или траењето на вработувањето е несразмерно зголемен во однос на примањата во вид на плати, дивиденди и други приходи. Значи "и ако се утврди", а ако се утврди дека стекнал и друг имот кој бил надвор од неговиот мандат, и тогаш ќе си поведете постапка за сите лица и токму заради тоа ние викаме дека оваа одредба нуди простор за злоупотреба на овој Закон за спречување на корупција и нуди можност одредени луѓе да ги етикетирате, првенствено реков нашите колеги од опозицијата, а можно е и некого од власта кој нема да се согласува со нечие мислење и ќе биде на страна од ставовите кои ги застапува Владата. Мислам дека мора да има здрав аргумент зошто едно министерство кое е ресорно за овој проблем, зошто вие како заменик министер или зошто министерот Маневски се плаши да има прецизна одредба по која ќе се постапува во Законот за спречување на корупција. Тоа го кажавме во општата расправа кога започна на почетокот, овие денови изнесовме неколку аргументи. Не можете вие да излезете сега за било кој во Република Македонија и да кажете цениме дека има стекнат имот од средства кои не биле оданочени, не биле средства од плата и сите приходи кои ги има и затоа ќе поведеме постапка. На крајот ќе се води таа постапка, како ќе заврши најмалку ќе биде важно, битно ќе биде дека тој човек како личност во дадениот момент е деградиран, нарушен му е угледот во јавноста итн, притоа мора да ви докажува за целиот имот кој го има во сопственост тој или неговото семејство, неговите родители, во наследство, дури и тој самиот итн и да ги нуди и презентира доказите. Мислам дека таква логика со која ќе барате можност во секој момент да можете да му се заканите на некој, да му пратите директна порака на одреден член на ова наше општество, треба да завршат. Тоа беше во минатиот систем кога вашиот сегашен министер беше секретар на Секретаријатот за законодавство. Ги паметиме неколкуте случаи со адвокатите заради лични замерки негови како заминаа во притвор и од кои причини. Не само јас, тоа го знае целата македонска јавност. Ама заврши тоа време во кое нема да му се допаѓам јас на Михајло Маневски и Груевски и утре ќе ме ставите на тапет пред целата македонска јавност, без никаков аргумент. Ако мислите дека со вакви непрецизни одредби, одредби кои нудат злоупотреби во одредени позиции ќе може министерот да се одржува во сопствените позиции, мислам дека се лаже, заради тоа што ова е нешто сосема друго од системот во кој раководел некогаш, а се обидува и сега да раководи.

Ова што ви го наведов како пример ќе може да ви даде јасна претстава зошто предлагаме ваков амандман и зошто се бориме да има прецизирање на ваква одредба. Инаку, ако не го прифаќате, ако парламентарното мнозинство не одлучи да го поддржи овој амандман со кој ќе има прецизна одлука, ќе се отворат многу случаи за кои ќе треба да се докажуваме. Во дадениот момент тврдат дека повторно ќе се посегне по одредени личности од страна на опозицијата, јавно ќе бидат презентирани во медиумите, во јавноста, ќе ги дисквалификувате, ама тоа не е искрена борба со корупцијата, со тоа нема да покажете резултати во јавноста дека нешто сте направиле. Ќе изгубите период од година или две во кој ќе докажувате, на крајот ќе биде јасно дека бил стекнат имотот од извори кои биле оданочени, кои не се цел на злоупотреба. Меѓутоа, дајте тоа да го правиме за периодот додека некој има мандат на било која позиција, не да го правиме за целиот период, заради тоа што ваквата непрецизност прочитав пред вас во одредбата што е тоа што овозможува, значи може вака, ама и ако се утврди дека во текот на мандатот стекнал имот од неоданочени приходи, тогаш ќе поведеме една таква постапка. Мислам дека ова е доволно како аргумент и вие да го смените ставот како претставник на Владата и да го прифатите овој амандман, ако не, ги повикувам членовите на парламентарното мнозинство да го поддржиме овој амандман се со цел да имаме прецизна одредба врз основа на која нема да имаме злоупотреби и политички линчувања во овој сегмент. Инаку, да ви кажам дури тогаш ќе сметам дека носите намерно одредени законски решенија и проекти кои ќе бидат цел на злоупотреба. Тоа го говори и претседателот за општа управна постапка, тогаш кога укажувавме дека треба да има јасни одредби со кои ќе се укаже на одговорноста на носителот на функција, се повикувавте на Кривичниот законик, или вашиот министер се повикуваше на Кривичниот законик. Сега кога кажуваме дека во членот 59 со промената регулирате кривично дело, а не се повикувате на Кривичниот законик, сега не ви одговара така па кажуваме сосема поинаку. Значи мора да имаме конзистентни ставови во изнесувањето на аргументите, пред се овде пред Собранието, заради тоа што овде треба да настапите со сериозни аргументи како предлагач

на одреден закон. Не може да носиме законски решенија и да прифаќаме аргументи како на некого ќе му одговара, зависно од позицијата која во даден момент треба да се прифати. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Спасовски.

За збор се јави третиот пратеник предлагач на амандманот, госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас очекував дека заменикот министер ќе го прифати предложениот амандман од нас како предлагачи, затоа што со овој амандман се обидовме да го прецизираме решението кое што се нуди, а кое што се однесува на испитување на имотот односно на периодот кој што ќе биде земен за испитување на имотот или да не речам потеклото на имотот кој ќе биде земен за испитување на имотот, да не речам потеклото на имотот на функционерот или службеното лице кое вршело јавни овластувања.

До колку не го прифати парламентарното мнозинство, до колку не го поддржи овој амандман, практично оваа измена и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, всушност ќе биде еден механизам, или една алатка на секоја политичка партија која што е на власт да се пресметува со своите политички опоненти и практично ова ќе биде меч, со кој ќе се уништуваат политичките опоненти. Еве зошто. Затоа што во секој период Управата за јавни приходи, по наредба секако, на владеачката гарнитура, затоа што секогаш на чело на Управата за јавни приходи поставува Владата директор на оваа Управа по наредба на владеачкото мнозинство, може постојано применувајќи го овој член, оваа непрецизна одредба, постојано да врши притисок врз политичкиот опонент и постојано да го изложува на постапки да докажува од каде е стекнатиот имот, можеби три генерации наназад. Што е сега целта со овој наш амандман. Со овој наш амандман сакаме да го прецизираме решението и да го врземе испитувањето на стекнатиот имот за време на траењето на мандатот, затоа што овој закон јасно му е на заменикот министер, првата одредба на Законот за спречување на корупцијата гласи вака: Со овој закон се утврдуваат мерките за спречување на корупцијата во вршењето на власта и во вршењето на доверените јавни овластувања и тн.

Значи, целта на овој закон е да ја спречи корупцијата која што може да настане при вршењето на власта и вршењето на доверени јавни овластувања. Аналогно на првиот член на овој закон треба да се надоврзе решението на измените, значи со испитување на имотот треба да биде опфатен периодот на функционерот, на носителот на јавната функција кога бил во вршење на власта и кога бил на функција да врши доверени јавни овластувања. Или ако сакаме, да го прошириме ова решение, до колку овој амандман еве не е прифатлив за претставникот на предлагачот, би било сосема легитимно да го врземе овој приод за Законот за даночна постапка, каде што според одредбите на овој закон Управата за јавни приходи може да испитува имот, или да гледа имотни трансакции во последните пет години. Значи рок на застареност во даночната постапка е 5 години, или доколку е поврзано со кривично дело, рокот на застареност е 10 години.

Бидејќи овде, во случај на коруптивни дејствија, кои што сеуште не се докажани на суд, за кои што сеуште постапката е отпочната од Комисијата надлежна за тоа, рокот треба да биде преземен од Законот за даночна постапка, а тоа е рокот од 5 години. Значи две решенија се можни. Или да биде периодот поврзан со мандатот, или да биде поврзан периодот со Законот, односно рокот кој што е даден во Законот за даночна постапка. Во спротивно, вакво лабаво, вакво широко решение значи меч со кој што ќе се води политичка пресметка, меч со кој што ќе се води и понатаму борба против корупцијата, но селективна и ќе се однесува овој закон, секогаш ќе се применува само на политичките опоненти. И сега ви порачувам и му порачувам на господинот заменик министер да се размисли до затворањето на претресот по овој закон, има можност да се поднесе амандман. Или да го прифати овој кој што ние го поднесовме, или она решение кое што јас му го предлагам сега, а е врзано со Законот за даночна постапка. Во спротивно, сето ова значи дека се создава основа за безпоштедна борба политичка и тоа борба преку Законот за спречување на корупцијата и повторно ќе повторам она што го кажав во општиот претрес, до колку се донесе оваа одредба, ние ќе ја издржиме, но верувајте, кога ќе дојдеме на власт, исто така оваа одредба нам ќе ни оди во прилог и нема да ја менуваме. Но не е целта на борбата против корупцијата кој ќе измисли посуфистицирано решение, за да се пресметува со политичкиот опонент, туку кој ќе измисли попрецизно решение за да може да имаме ефикасна и успешна борба против криминалот и корупцијата.

Затоа го замолувам господинто заменик министер да размисли за овие две решенија, затоа што само овие две решенија се можни, или излез од она што тука се нуди, во спротивно ќе мислиме дека повторно борбата против корупцијата ќе е борба против политичкиот опонент. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Имаме доволно пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 51 колку што гласале, за амандманот се изјасниле 12, воздржани нема, 39 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 1, во новиот став 6, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Оливер Спасовски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно присутните гласале 58, за законот гласале 48, се воздржале 10, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата.

**Минувме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Почитувани пратеници, основна цел за донесување на овие измени и дополнувања на Законот, е да се уредат одредени состојби што ќе бидат во функција на создавање поповолни услови за домашни и странски инвестиции, од аспект на имотно правните односи, кога е во прашање експропријацијата и тоа во неколку сегменти.

Прво, јавниот интерес.

Второ, постапката за експропријација и запишување, односно промена на носителите на права врз недвижности во јавните книги, корисници на експропријација.

Во однос на јавниот интерес, во членот 2 ставот 1 од постојниот Закон за експропријација е уредена изградбата на објекти и изведување на работи од јавен интерес.

Она што е предвидено како јавен интерес во постојниот Закон, сега се предлага да се дополни во две сфери.

Првата е технолошко индустриските развојни зони. Во овој Парламент почитувани, се водени бројни дискусии и расправи во низа случаи, кога станува збор за овој вид на местоположба за развој на стопанските дејности што ги нуди Република Македонија со цел да ги поттикне инвестициите.

Мислам дека не треба да има дилеми дека до колку е неопходно да се изврши експропријација, односно на некој начин промена во сопствениките права, или имотно правните односи, со цел изградба или подигнување на технолошки индустриски развојни зони, тоа претставува јавен интерес.

Второ, почитувани, Република Македонија од поодамна е позната како држава со висок степен на урбанизација. Имено, традиционално добар дел од населението живее во градовите. Концентрацијата во градовите, особено во нивните центри е значителна и често е присутен проблемот со најрационално користење на земјиштето за слободна комуникација. Имено, актуелен е проблемот со обезбедување на паркинг простори.

Како што ви е познато, во постојниот Закон паркинг плацевите се објекти од јавен интерес. Во контекст на измените на Законот кој што го предлагаме, значи дека и во овој момент, до колку е потребно да се изгради паркинг простор, во тој случај можат да се применат одредбите од Законот за експропријација. Како дополна овде се предлага еден друг тип на паркиралишта да бидат прогласени за јавен интерес. Тоа се катните гаражи, кои што ги има во голем број на градови во светот, нешто што е неопходно да заживее и кај нас. Познато е дека тука, и покрај напорите што се до сега правени немаме значителни инвестиции, макар што има голем број на навестувања и интерес во поголем број градови во Република Македонија, вклучително и главниот град.

Понатаму, со Предлогот на законот во членот 2 се врши скратување на постапката за експропријација на начин што не се дозволува жалба против решението за експропријација, туку може да се поведе управен спор пред судот надлежен за управни спорови. Ваквото решение, почитувани пратеници, во согласност со амандманот 21 од Уставот на Република Македонија, според кој правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања, се уредуваат со закон. Скратувањето на постапката за експропријација треба да овозможи побрзо решавање на имотно правните односи и реализација на јавниот интерес, при што постојното законско решение во значителна мерка е пречка за изградба на објектите од јавен интерес, имајќи во вид дека решавањето на имотно правните односи неретко претставува долготраен процес. Сето тоа е претходен услов за обезбедување на целокупната урбанистичка документација, услови за градба и одобрение за градење.

Понатаму со иста функција и цел е предложената измена на членот 3 од Предлогот за измена и дополна на Законот за експропријација. Имено, досегашното решение од членот 42 од Законот за експропријација според кое запишувањето,

односно промената на носителите на права на недвижности во јавните книги се врши врз основа на правосилно решение за експропријација и спогодба, односно одлуката на судот за надомест, што значи кумулативно исполнување на двата услови. Во практиката се покажа како пречка, бројни инвеститори да не можат да пристапат кон градење бидејќи со поранешниот сопственик не е постигната спогодба за надомест и не е донесена одлука на судот за надомест. А тоа значи дека не може да се изврши запишување на правото на сопственост кој е услов за добивање на имотен лист, а потоа и на градежна техничка документација.

Од тие причини, со овој Предлог на закон во членот 3 се предлага решение што овозможува запишување на правата на новите корисници по исклучок од членот 42 да може да се врши врз основа на правосилно решение за експропријација и дополнителни два услови, корисникот да е влезен во владение на експроприраната недвижност и на органот надлежен за пишување на правата на недвижности да му се достави доказ за обезбедени средства за надомест за експроприраната недвижност. Со предложеното решение ќе се овозможи побрза реализација на целта на експропријацијата, а со тоа и обезбедување на потребната градежна техничка документација.

На крај почитувани, сметам и убеден сум дека овие предложени решенија за измени на Законот од имотно правен аспект ќе бидат прилог кон создавање на поповолни предуслови за инвестициски вложувања на Република Македонија и дека Законот ќе биде поддржан и изгласан. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине министер.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

Јас сепак би проверил дали има доволно пратеници во салата.

Молам службите да направат контрола и да не известат колку пратеници се во салата.

Истовремено ги молам колегите кои се во другите сали да влезат.

Ги молам колегите кои не се во салата да влезат, ни недостасуваат уште неколку пратеници за да имаме валидно гласање.

Уште еднаш ги молам колегите да влезат во салата. Ни недостасува еден пратеник за да имаме кворум.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 колку што се во салата, 58 гласале, од тие 56 за, нема воздржани, 2 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60, од кои сите 60 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 63. Сите 63 гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

**Точка 11. - Предлог на закон за високото образование.**

Владата на Република Македонија го повлече Предлогот на законот.

**Точка 12 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот е разгледан на 93 седница на Собранието.

**Точка 13. - Предлог за донесување на закон заз изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот е разгледан на 93 седница на Собранието.

**Точка 14. - Предлог на закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.**

Предлогот на законот е разгледан на 93 седница на Собранието.

**Точка 16. - Предлог за донесување на закон за социјална заштита и социјална сигурност.**

Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување на законот.

**Точка 17. - Предлог за донесување на закон за условен пристап до заштитени електронски услуги.**

Предлогот за донесување на законот е разгледан на 93 седница на Собранието.

**Минуваме на точка 18. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за финансии, повелете господине министер.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Сосема кратко објаснување затоа што се работи за релативно мали измени во Законот за царинската тарифа.

Почитувани, со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за квалитетот на течните горива објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2007 година, се предвидува од 1 јули 2007 година воведување на два нови вида на дизел горива Д - Е ИВ (ДИЗЕЛ - Е ИВ) со содржина на сулфур не поголема од 50 мг/кгр. или 50 ппм, ова се стручни изрази, и Д - Е В (ДИЗЕЛ - Е В), со содржина на сулфур не поголема од 10 мг/кгр. или 10 ппм. Согласно дадените карактеристики на овие горива истите во Царинската тарифа се распоредени во тарифната ознака 2710 19 41 00.

Царинската стапка за горивата со тарифните ознаки 2710 19 41 00 и 2710 19 45 00 согласно Законот за Царинската тарифа и Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2007 година, изнесува 20%.

Увозот на дизел горивата во 2004, 2005 и 2006 година се вршеше скоро во целост од Република Бугарија т.е. 98,6% во 2004 година, 87,9% во 2005 и 2006 година.

Согласно Договорот за слободна трговија со Република Бугарија увозот на Дизел Горивата од Бугарија се вршеше со повластена стапка од 0%.

Од 01.01.2007 година со пристапувањето на Република Бугарија кон Европската унија при увозот на дизел горива од Република Бугарија се применува повлстена царинска стапка во износ од 12%.

За укинување на царината само за дизел горивото со "еко - 5" стандардот, т.е. Д - Е В (ДИЗЕЛ - Е В), потребно е истото да се прераспореди во нов тарифен систем односно став со национална тарифна ознака (2710 19 41 10) и истовремено за таа тарифна ознака да се утврди царинска стапка од 0%.

Исто така потребно е да се утврди нова национална тарифна ознака (2710 19 41 30) за Дизел горивото Д - Е ИВ (ДИЗЕЛ - Е ИВ), за да се диференцира од дизел горивото Д-Е ИИИ, ДИЗЕЛ -Е ИИИ, со што ќе се овозможи согласно прописите од областа на трговијата од 01.01.2008 година забрана на увозот на Д-Е ИИИ, ДИЗЕЛ -Е ИИИ, кое ќе биде распоредено во тарифна ознака 2710 19 41 90 со наименование: друго.

Со воведувањето на овие две нови горива се воведуваат нови еколошки стандарди приспособени кон стандардите на Европската унија.

Другата измена се однесува на увозот на калапи за обуки. За оваа стока да не се плаќа царинска давачка со што ќе се поттикне натамошниот развој и би се подобрила конкурентската моќ на оваа индустриска гранка која во Република Македонија е прилично значајна. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 колку што гласале, 53 се изјасниле за, воздржани 8, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Глалсале 53, за се изјасниле 52, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа сседница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 54 колку што гласале, за Предлогот на законот глалсаа 53, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 65-та седница на Собранието на Република Македонија.

Давам пауза од 5 минути заради регистрација на пратениците за нова седница.

(Седницата заврши со работа во 17,12 часот)